магазин за
# ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ

ТУРИЗАМ • БИЗНИС • ОБРАЗОВАНИЕ • КУЛТУРА • ЖИВОТ • СВЕТ • ДИПЛОМАТИЈА

На 64 страници
Година 1 Број 2
Април 2022 г.
Цена 150 ден.

МЕГАИНТЕРВЈУ

## ЉУПЧО ЈАНЕВСКИ

Директор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот

*„На Македонија ѝ треба долгорочна стратегија за туризмот“*



МОЈА ОПШТИНА
Интервју со Стевчо ЈАКИМОВСКИ

**Закочените урбанистички планови ја билдаат цената на становите**

Проф. д-р Зоран ИВАНОВСКИ

**Економските последици од руско-украинската војна**

ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД

**Интервју со унгарскиот амбасадор во Македонија, Н.Е. д-р Ласло Иштван Дукс**

www.magazinturizam.mk

ISSN 2671-3934
5 318000 033115





## ИМПРЕСУМ

Издавач:
**Универзитет за туризам и менаџмент**

Одговорен уредник:
**М-р Билјана Трендафилова**

Лектор:
**М-р Милица Петрушевска**

Фотографија:
**М-р Горан Каровски**
**Дејан Огненовски**

Технички уредник:
**М-р Марина Стојмирова**

Печати:
**БАТО & ДИВАЈН Графички Центар**

Тираж:
**1000 примероци**

Контакт:
**МАГАЗИН ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ**
**+ 389 2 3093 209**
**www.magazinturizam.mk**
**info@magazinturizam.mk**

# СОДРЖИНА



Одблиску со главниот уредник м-р Билјана ТРЕНДАФИЛОВА 3


МЕГАИНТЕРВЈУ: Љупчо ЈАНЕВСКИ, директор на Агенција за поддршка и промоција на туризмот 4


ОБРАЗОВАНИЕ: Анализа на актуелна тема со проф. д-р Лидија Г. ИЛИЕВА 12


КОЛУМНА: Економски последици од руско-украинската војна, проф. д-р Зоран ИВАНОВСКИ, проректор во УТМС 16


ТЕМА: Минимална плата, манипулации со субвенции 22


МОЈА ОПШТИНА: Стевче ЈАКИМОВСКИ, градоначалник на Карпош 30


РЕПОРТАЖА: Крушево 36


ДУРБИН: Туризмот во светот – кратки вести 44


АВИОБИЗНИС: ТАВ - нови предизвици 50


ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД: Интервју со унгарскиот амбасадор во Македонија 56


КОМПАРАЦИЈА: Македонија и светот 60


ЧЕСТИТ ВЕЛИГДЕН!
од тимот на
Магазинот за
туризам и менаџмент



# Одблиску со главниот уредник

## М-Р БИЛЈАНА ТРЕНДАФИЛОВА

# СПЛОТЕНОСТ НАМЕСТО ПОДЕЛБИ!



*Тензични медиумски кавги, политички дебати и остри напади на социјалните мрежи ја искривуваат реалноста. Тоа често се должи на фактот што политичари, активисти и новинари се однесуваат како „опседнати“ со политички теми.*
*Но, пред да се почне со вперување прст кон виновникот и да се зборува за поларизација на општеството, вреди да се запре за миг и внимателно да се слуша што се зборува.*
*Зошто толку многу се зборува за поделби, поларизација и теории на заговор?*
*Едно објаснување е дека живееме во таканаречена медиумска демократија. Позитивно е што во дигиталново време, секој во секое време може да си го каже својот став. Тоа е благодарение на социјалните медиуми. Но, негативната страна на Фејсбук, Твитер, Инстаграм и слични на нив е неконтролираниот потенцијал да предизвикуваат тензии. Така, на сцена испливуваат прастарите рефлекси: колку сте погласни и понападни, толку повеќе внимание ќе добиете – загарантирано.*
*Сите сакаат и мораат своите пораки да ги прошират меѓу народот. Без социјалните мрежи, тоа е во денешно време незамисливо. Кој ги игнорира таквите инструменти, нема да биде чуен, виден и ќе биде претркан. Иако твитовите и објавите се најбрз пат да се разгласи одреден став, сепак преку класичните медиумски редакции, пред сѐ преку дебатните емисии, пораките стасуваат до милионска публика.*
*Во непрекинатата трка за поголем тираж, гледаност и кликови, главна алатка на новинарскиот занает се звучни наслови и претерувања. Кавги со аргументи „за" и „против" се нормални за демократско опшество, но сепак да отвориме очи и да размислиме пред да кажеме нешто. Наместо да подгреваме и да создаваме раздор, да сториме нешто за подобро утре на сите, сплотеност наместо поделби.*



# МЕГАИНТЕРВЈУ

## ЉУПЧО ЈАНЕВСКИ

Директор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот

**„Ние не можеме да развиваме туристичка дестинација ако немаме одредени вложувања во туризмот, ние не можеме да вложуваме ако немаме стратегија по која треба да работиме, ако немаме патека по која ќе се движиме", смета Љупчо Јаневски, првиот човек на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот. Во интервју за Магазинот за туризам и менаџмент, тој зборува за кроење долгорочна стратегија, која би била насока за државата каде да се движи и што да создава за идните генерации.**

# ЈАНЕВСКИ: НА МАКЕДОНИЈА Ѝ ТРЕБА ДОЛГОРОЧНА СТРАТЕГИЈА ЗА ТУРИЗМОТ

**Што велат најновите статистики, дали почнува туризмот полека да заздравува и дали може очекувањата да бидат оптимистички за годинава што следува, како во бројот на туристи така и во растот на приходите од туристичката и од угостителската стопанска гранка?**

Светот забави и луѓето го намалија движењето, пандемијата најмногу се одрази на патувањата, па во 2020 година застанавме во туристичкиот сектор како последица на сите карантини и ограничувања во движењето. Во 2021 година повторно се исправивме и зачекоривме кога е туризмот во прашање, забележавме туристички раздвижувања кај нас, во регионот, но и во Европа. Всушност, 2021 година ги покажа сите оние работи што треба да ги поправиме во туристичкиот сектор, каде треба да се подобриме и на што треба да се фокусираме. Полека се разјаснува сликата што има ново, кои се новите перспективи и која е новата реалност во туризмот во услови на здравствена криза. Зборуваме дека во 2022 година сè уште ќе биде присутна пандемијата во нашите дестинации, но таа треба добро да се менаџира, се разбира, со почитување на сите здравствени мерки и ограничувања. Во 2021 година Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот презентираше план и стратегија за достигнување на бројката од 2,2 милиони ноќевања, и на домашни и на странски туристи. Предвидовме дека очекуваме 30% зголемување во туристичкиот сектор, тоа и се оствари. Новите податоци покажуваат дека веќе ја надминавме бројката од 2,3 милиони ноќевања, и како што може да забележите, повеќе зборуваме за ноќевања, а не за број на туристи. Исто така, ако погледнеме подлабоко, ќе видиме дека некои традиционални пазари што биле во првите пет, како што се бугарскиот и турскиот пазар, веќе ги нема. Но, затоа тука е српскиот пазар, кој очекувано во 2021 година е на првото место. Ако ги споредиме податоците за бројот на остварени ноќевања на српските туристи, тој во 2021 година бил поголем дури и од 2019 (година пред здравствената криза), што значи дека истиот пазар има поголеми можности. Се фокусираме на дополнителни пазари, како што е рускиот и украинскиот пазар, и други дополнителни пазари како што се белгискиот, полскиот и пазарот на Обединетото Кралство. Трендот е насочен кон помали сместувачки капацитети, помали групи туристи, патувања во кругот на семејството, при што сè повеќе се бараат активни форми на туризам. Всушност, пандемијата покажа кои ни се слабите точки, каква е перцепцијата на туристите за





**Љупчо Јаневски**
Директор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот



Македонија како дестинација и што е она на што треба да работиме за да се подобриме.

**Кои се нашите силни страни, односно кој вид туризам носи најмногу гости во туристичките региони низ државава? Што нуди Македонија доволно атрактивно за странските посетители?**

Ако велиме дека е нашава држава сè уште неоткриено туристичко богатство кога е во прашање европскиот пазар, истото можам да го кажам и за регионот. Во 2020, па и 2021 година, низ нашите уши зуеше хаштагот „дома си е дома“. Оваа кампања ни покажа што сè уште може да направиме во однос на промоцијата. Ние, во 2021 година, успеавме да ги зголемиме ноќевањата на домашните туристи за 15% во однос на 2020-та кога нашите граѓани не можеа да патуваат, што значи дека оваа кампања даде голем ефект. Откривме што е тоа што го имаме, што е тоа што ни треба. Според податоците видовме дека нашата дестинација побавно паѓаше во туристичкиот сектор за разлика од другите дестинации што беа повеќе изложени на масовниот туризам. Всушност, сето она што го понудивме во 2020 и 2021 година, многу силно и позитивно се одрази врз руралните дестинации, посетата на национални паркови и слично, па последователно, бројот на ноќевања во овие региони се зголеми. Тука ние се прашуваме дали вложивме доволно во сместувачките капацитети кога се во прашање овие дестинации и каде треба дополнително да работиме за да се подобрат туристичките услуги во овие места. Силните страни ни се руралниот, екотуризмот и активните форми на туризам. Охрид ни е туристичкиот бисер, и да, се сложувам дека Охрид како туристичка дестинација треба да го има приматот, но тој треба да се освежува со дополнителни форми на туризам и со сето она што треба како дополнителна атракција да им го понуди на туристите. Целните групи не ни се веќе посетители од европските земји на возраст од 60+ години, немаме веќе толку многу кружни патувања, но затоа просечниот престој на гостите од регионот ни е многу поголем, па на тоа треба и да работиме. Не треба да дозволиме Преспа да има само 860 кревети, а во текот на денот да има 15.000 или 20.000 посетители. На таков начин ќе ја оптовариме дестинацијата, а нема да имаме позитивен ефект врз локалната економија. Всушност, тоа

на што треба да работиме е да имаме поголема промоција, но исто така се сложувам дека треба да градиме вредности. Треба да градиме сместувачки капацитети, но и да овозможиме дополнителни услуги што сѐ повеќе и повеќе ќе овозможат трошење надвор од пансионите, и она што е важно, поразлична перцепција на гостите за дестинацијата во која престојуваат.

**Проектот „Дома си е дома“ наиде на многу позитивни реакции и им влијаеше стимулирачки на домашните туристи да патуваат повеќе низ нашава земја, дали ќе се продолжи и оваа година со снимање нови видеа и кои дестинации ќе се опфатат?**

„Дома си е дома“ како сегмент и дополнителниот промотивен спот „Безбедно како дома“ со кој визуелно се прикажаа препораките за заштита, се покажаа многу значајни за туристичкиот секотор, како и видеата што дополнително се снимија и се направија за сите протоколи што ги имаме. Ме охрабрува дека во 2022 година на ист таков начин, можеби и сличен, заеднички со програмите на УСАИД, ИМЕ И СИПО ќе почнеме да работиме дополнителни видеа и дополнителни кампањи што ќе овозможат уште поголемо зајакнување на алтернативните форми на туризам и на туристичка понуда во одредени дестинации. Опциите за соработка се фокусирани на заедничко претставување на неколку држави и на туристички производи што би биле интересни за конкретни целни групи од регионот на одредени пазари. Ако велиме дека „дома си е дома“ го даде тоа што е потребно, јас сѐ уште мислам дека „дома си е дома“ има уште многу да понуди. Заедно со туристичкиот сектор треба да ги создадеме неопходните услови услови во 2022 година да ги задржиме овие 1.7 милиони ноќевања на домашните туристи, но дополнити со странски туристи. За 2022 година, една од целите на Агенцијата е да стигнеме до 2.5 милиони ноќевања, на таков начин што ќе ги задржиме домашните и што ќе стимулираме што поголем број странски туристи да ја посетат нашата дестинација. Јас сум сигурен дека во тоа ќе успееме ако работиме заеднички. Агенцијата за туризам транспарентно ќе работи со сите чинители во туризмот.

**Агенцијата реализираше успешни проекти за поддршка и развој на туризмот, дали имате во најава нови проекти што се од значење за развојот на туристичките капацитети?**

Ние во овој период во кој многупати бевме затворени, не бевме во можност да функционираме без регионот. Сфативме дека сѐ повеќе ќе треба да ги користиме европските ИПА-фондови, кои ни овозможуваат заеднички прекугранични програми, и на таков начин да генерираме средства. Креирањето синергија и развивањето заеднички проекти е успех за регионот. Имено, Агенцијата за првпат доби проект заедно со италијанско-грчката комора и со туристичката организација на градот Солун, заеднички да го промовира и да го зајакнува женското претприемништво, всушност да овозможи промовирање на дестинацијата и валоризација на дестинацијата. Сето тоа ќе биде насочено кон директно влијание на локалниот економски развој, создавање на нови работни места што ќе овозможат дополнителен раст на мали и на семејни бизниси и намалување на миграцијата. Всушност, туризмот е одлична алатка што нѐ насочува како треба во следните години да ги развиваме одредени дестинации и да овозможиме нивна одржливост.

**Се отворија нови авиолинии до повеќе европски дестинации. Дали го зголемија бројот на странски посетители во земјава и има ли најави за сезонава што следува за влез на други авиокомпании и за зголемен број летови?**

Ако ни беше до 2019 година главниот фокус на Турција, и ако знаеме дека отприлика

120.000 или 130.000 туристи секоја година сме очекувале од Турција, во 2022 година ова нема да биде возможно, зашто голем број кружни патувања нема да може да се изведат. Целните групи на патувачи се изменија, сè повеќе ќе се патува на кратки дестинации, сè повеќе ќе се патува – барем во овие неколку години – во една до две дестинации, короната сè уште ќе биде тука и ризикот ќе биде доста голем. Кога зборуваме што е тоа што може да го направиме, освен фокусот врз турскиот пазар што и понатаму ќе се трудиме да го вратиме во една кумулативна смисла, сè повеќе и повеќе ќе создаваме нови дестинации со нови авиолинии, како што се новите летови Киев – Скопје, Атина – Скопје, како што е можноста со двата лета Москва – Скопје, Санкт-Петербург – Скопје, или најавените нови линии Тел Авив – Скопје, всушност сега сите треба да се искористат за што поголема промоција и поголем број туроператори да организираат аранжмани за нашата земја. Во 2021 година, во одредени статистики на booking.com најголеми пребарувања буквално за нашата дестинација имале руските туристи. Јас и очекувам во 2022 година, со летовите што почнаа во месец март да биде уште повеќе посетена нашата дестинација и што поголем број на туроператори да ја стават во своите туристички програми. Истото тоа го направивме со молдавскиот пазар во 2021-та, годината ја заокруживме со 15 туроператори што нè посетија и покажаа интерес за дестинацијата. Во 2020/21 година два до три автобуси возеа оттаму 24 часа за дочек на новата година на Шапка и Маврово. Интересно за туристички пазари на кои досега не сме се фокусирале или дестинации од каде што може да дојдат повеќе туристи. Кога е во прашање 2022 година, ќе бидеме доста фокусирани врз регионот. Една од работите на кои ќе се фокусираме е линијата Белград – Охрид, во 1990 година таа линија функционираше два пати во текот на денот, зошто да ја нема во 2022 година, по 32 години, два пати неделно? Истата линија ќе ја искористиме за поголем број туристи што ќе дојдат и поголема размена за бизнисот од двете страни. Најавени се шест чартери неделно од Холандија, два чартера од Белгија, по еден чартер или половина чартер со редовна линија што ќе бидат закупени од Туи од Варшава и од Обединетото Кралство. Се надевам на летови од други дестинации, како што се линијата Измир – Скопје и дополнителни турски туроператори. Очекувам странските туристи да скокнат негде за 100% во 2022 година. Се надеваме оваа година и да покаже кои туристички пазари имаат уште поголем потенцијал за да може да се фокусираме на нив. Се надевам дека на Агенцијата за туризам ќе ѝ се овозможи уште поголем буџет, но исто така и уште поголема искористеност на европските фондови и фондовите од Светска Банка за туристички развој.

**Туристичкото ребрендирање на дестинацијата е сериозен чекор за кој се потребни ресурси и работа во која би бил вклучен туристичкиот сектор. Дали би можеле оваа година да очекуваме брендирање на дестинацијата и нејзина промоција во регионалните и во светските медиуми?**

Туристичкото ребрендирање на дестинацијата претставува и предизвик и престиж и треба да се одвива во повеќе фази. За да имаме добро брендирање на дестинацијата, ние треба да имаме работни групи со туристичките комори и целокупниот туристички сектор. Всушност, луѓето што ќе го работат тоа треба да имаат свежи информации и анализи за туристичките текови, дополнители истражувања за тоа каква им е перцепцијата на странските туристи за Македонија како туристичка дестинација. Овој процес е бавен, но само на таков начин може да стигнеме до добро брендирање и до добар слоган, што во 2023



**Љупчо Јаневски**
Директор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот

година ќе треба да ни биде една од силните страни, а и добра алатка за промовирање на дестинацијата. Ако зборуваме дека Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот треба да стане национална туристичка организација, една од работите што дополнително ни недостига за развој на дестинацијата е добро туристичко брендирање.

**Кои се идните предизвици за овој значаен сектор за економијата?**

Туристичкиот сектор, според мене, ќе биде еден од алатките за брзо закрепнување на македонската економија. Туризмот е една од најпогодените економски гранки, но гледано како област, е една од гранките што може најбрзо да закрепне од кризата. Туристичкиот сектор треба брзо да се приспособи кон новите трендови во туризмот и да овозможи дополнителни услови. Заеднички да создаваме одржливост на дестинацијата, но и нови модели на субвенционирање што ќе бидат насочени кон развивање на туристичките региони, зајакнување на туристичкиот сектор и на нашите туроператори. Заеднички, само на таков начин ќе можеме да овозможиме мерливост на резултатите од мерките на Владата, но и можност за нивно подобрување со поголема ефикасност на туристичкиот сектор. Сепак, да не заборавиме на една од работите на кои сме им давале многу пати значење и кои сме ги потенцирале во многу ситуации. Тоа се човечките ресурси што од година во година сè повеќе ќе треба да се негуваат. Блискоста на работата на стручните училишта со туристичкиот сектор треба да излезе на виделина, нивната заедничка работа треба да овозможи покрај развој на туристичкото стопанство, и развој на човечките ресурси, кои се основата за понатамошен здрав туристички сектор во државата.

**На каков одзив наиде предлогот за туристички ваучери за здравствените работници?**

Тоа е фрлена ракавица, ние на некој начин треба да ги негуваме, да ги почитуваме и да им овозможиме определени бенефиции на сите работници што се преоптоварени во

*Македонија располага со огромни потенцијали за привлекување туристи и тоа не само од земјава и од регионот туку и на туристи што би доаѓале и од подалечните земји. Многу региони во државава прераснуваат во препознатливи туристички дестинации преку целата година, но треба да се работи на зголемување на понудата со активности за сите четири сезони.*

овие две години поради здравствената криза. Туристички ваучери за здравствените работници е еден од моите предлози, за кој се надевам дека понатаму ќе дојде и како заклучок од самата Влада. Предлогот што ќе ѝ биде даден на Владата е сите здравствени работници во текот на 2022 година да добијат ваучери за одмор во нашите туристички центри. На таков начин ќе си овозможиме дополнителен број ноќевања и ќе го поддржиме кревкиот туристички сектор. Дополнително ќе овозможиме нашите медицински лица  и здравствени работници заслужено да се одморат, бидејќи се покажа дека летните месеци се многу помалку оптоварени од кризата со Ковид-19.

**Кои се новитетите во програмските активности што треба да ги реализирате оваа година на полето на промоција на туризмот?**

Промоцијата на туристичка Македонија ќе биде во фокусот и оваа година. Две третини од програмските активности се насочени кон промоција и вклучуваат маркетиншка кампања во регионот: Бугарија, Србија, Албанија, Косово, Турција и Полска. Да наброиме некои од активностие: продукција на 360 виртуелни тури за туристички дестинации во Македонија, кои ќе бидат интегриран дел од страната https://northmacedonia-timeless.com/ и кои ќе ги прикажуваат најатрактивните дестинации во форма на виртуелна реалност; организација на информативни патувања во Македонија за блогери, влогери, инфлуенсери, туроператори, медиуми, новинари и други, чија цел е запознавање со туристичките потенцијали на нашата земја и промоција на туристичките дестинации и производи со цел постигнување одредено ниво на препознатливост и конкурентност на македонскиот туристички производ; учество на меѓународни, регионални и локални туристички саеми и виртуелни саеми; како и продукција, дизајн, изработка, печатење и дистрибуција на брошури за промотивни туристички цели. Би сакале да истакнеме дека ги поканивме сите од туристичкиот сектор да дадат предлози за туристичка промоција, а прифатени се и сите барања од Управниот одбор на Агенцијата за туризам во делот на туристички предлози.





**Дали има Македонија услови, капацитети и можности да биде дестинација за 4 сезони, односно дали има доволно атрактивна туристичка понуда за да има туристи преку цела година? На што треба да се работи или што треба да се подобри за да се искористат предностите од туризмот за 4 сезони?**

Македонија располага со огромни потенцијали за привлекување туристи и тоа не само од земјава и од регионот туку и на туристи што би доаѓале и од подалечните земји. Многу региони во државава прераснуваат во препознатливи туристички дестинации преку целата година, но треба да се работи на зголемување на понудата со активности за сите четири сезони. Многу туристички продукти како параглајдеризмот, активности во природа, историјата, културата, уникатната архитектура, гастрономските специјалитети, старите занаети и гостопримливоста на локалното насаеление, се само некои од предностите на земјава што може да се искористат преку цела година. Од пандемијата може многу да научиме. Да научиме што значи кризно менаџирање во туризмот и тоа да се искористи при создавање и промоција на Македонија како дестинација за 4 сезони.

**Каде се гледа потребата од долгорочна стратегија во туризмот? Дали е тоа за зголемување на бројот на туристите, дали е во развојот на нови продукти или, пак, развој на нови туристички капацитети?**

Ако зборуваме за долгорочна стратегија во туризмот што долги години ја бара Агенцијата за туризам, развојот ќе биде насочен како кон зголемување на бројот на туристите, така и кон новите продукти и нови туристички капацитети. Ние не можеме да развиваме туристичка дестинација ако немаме одредени вложувања во нea, ние не можеме да вложуваме ако немаме стратегија по која ќе треба да работиме, ако не знаеме каде и како да се движиме. Долгорочната стратегија треба да ни ги покаже правците. Во време на кризата предизвикана од короната, сите светски стратегии на одредени дестинации се ревидирани. Треба и ние да ја направиме нашата. Што поскоро да ја направиме, одобрена од целиот туристички сектор, толку подобро, ќе имаме по што да постапуваме во годините што следуваат.

# НАЈПОСАКУВАНА ПРОФЕСИЈА ЗА МЛАДИТЕ – ИТ-ИНДУСТРИЈАТА ИМ НОСИ СИГУРНА ИДНИНА НА НОВИТЕ ГЕНЕРАЦИИ

"

ГОРАЧИНОВА: ***Да не заборавиме и тоа дека денешниве генерации се израснати со компјутери, па природно е да си ја проектираат својата професија во сферата на софтверското инженерство. Младите се гледаат себеси како програмери, вебдизајнери, креатори на компјутерски игри, многу повеќе отколку во другите професии што не им се блиски и со кои не можат да се поистоветат.***

Технолошкиот развој и модернизацијата се причините поради кои бројот на компании во ИТ-секторот забрзано се зголемува, а со тоа расте и побарувачката на квалификувана работна сила. Неодамна, социјалната мрежа „Линкдин“ објави список со 15 најбрзорастечки професии, а очекувано, на листата доминира токму ИТ-професијата. Сето ова, ги прави студиите по компјутерски науки едни од најбараните, како во светски рамки така и кај нас.

Деканот на Факултетот за информатика при

УТМС, проф. д-р Лидија Горачинова - Илиева смета дека интересот за студиите по информатика се должи на повеќе фактори, но пред сè на високите плати во информатичкиот сектор и на можностите за кариерен развој што младите ги препознаваат, а кои не се лимитирани со физичките граници на нашата држава.

„Да не заборавиме и тоа дека денешниве генерации се израснати со компјутери, па природно е да си ја проектираат својата професија во сферата на софтверското инженерство. Младите се гледаат себеси како програмери, вебдизајнери, креатори на компјутерски игри, многу повеќе отколку во другите професии што не им се блиски и со кои не можат да се поистоветат. Работењето на далечина е дополнителна поволност за многу програмери, особено имајќи предвид дека промената на средината на живеење заради промена на работното место е предизвик сам по себе, не секогаш едноставен за реализација, особено ако значи трајно иселување од државата. Јас лично познавам доста млади луѓе што работат за компании чие седиште е во странство, остваруваат одлични примања, а имаат многу помали трошоци за живеење споредено со трошоците во тие држави", вели професор Горачинова-Илиева. Таа додава дека  Македонија, со својата поволна клима, географска позиција и можноста да се живее квалитетен живот со ниски трошоци, може да биде рај за новите „дигитални" номади, кои би живееле овде, а би работеле за странски ИТ-компании.

Факултетот за информатика е најмладиот факултет на УТМС, но наставата на него ја реализира искусен академски кадар што претходно има работено на државните и на други приватни факултети за информатика. Академската 2018/19 година на овој факултет почна скромно, со само тројца студенти. Но бројот на запишани студенти од година во година расте, и денес факултетот има над педесет студенти. Дел од нив високото образование го имаат започнато на УТМС, а



**Проф. д-р Лидија Горачинова-Илиева**
Деканка на Факултетот за информатика на УТМС

дел се студенти дојдени со трансфер од други информатички факултети, кои од одредени причини биле незадоволни од тамошните студии.

„Релативно малиот број на студенти ни овозможува на секој студент да му пристапиме индивидуално, односно да дадеме персонализирана поддршка во учењето, нешто што не е својствено за факултетите што имаат голем број студенти. Студентите што се запишани на втор циклус (последипломски студии) на нашиот факултет, речиси без исклучок се вработени. Студентите на прв циклус (додипломски студии), на почетокот на студиите се стекнуваат со основите од различни дисциплини од компјутерските науки, а во секоја студиска година се предвидени и по 30 дена практична настава. Покрај ова, во наставата се вклучуваат и софтверски инженери од практиката, а имаме соработка и со компании и институции во кои нашите студенти имаат можност да учат, но и да ги покажат своите компетенции и да се вработат", додава професорката.

Според Горачинова-Илиева, информатичкиот

сектор е брзорастечки, но не толку поради новите технолошки откритија во сферата на компјутерските науки, туку повеќе како резултат на сѐ поголемата дигитализација на општеството. Денес, вели таа, практично и да не постои дејност во која не се применуваат компјутерските алатки, а сѐ поприсутна е и „автоматизацијата“ на многу процедури и процеси, со што се олеснува човековото работење и живеење.

„Од друга страна, пак, повисокиот степен на технолошки развој води кон намалување на бројот на вработени. За сметка на тоа, се зголемува потребата од кадри во ИТ-компаниите, со цел да се задоволат ваквите барања на останатите дејности. Пазарот на труд во информатичкиот сектор опфаќа широк дијапазон на квалификации, од оние што се стекнуваат преку неколкумесечни обуки, па сѐ до компетенции што се резултат на повеќегодишно академско образование проследено со соодветна практика, за изработка на комплексни програмски решенија. Се разбира, од видот на работните задачи што ги извршуваат, зависи и висината на платите на вработените во информатичката индустрија, па најдобро платените позиции сепак ги држат високообразованите софтверски инженери“, вели проф. д-р Лидија Горачинова-Илиева, декан на Факултетот за информатика при УТМС.



**Проф. д-р Лидија Горачинова-Илиева**
Деканка на Факултетот за информатика на УТМС

Раскажувајќи за своето невообичаено образовно искуство, Боро Ситниковски, дипломец и магистер на Факултетот за информатика при УТМС, вели дека како програмер почнал да работи на 20-годишна возраст, но дипломирал кога имал 25, а магистрирал на 32 години.

„Отсекогаш ја чувствував потребата за надополнување на теоретскиот дел, иако веќе имав долгогодишно искуство во индустријата. Со изучувањето на теоретскиот дел станав уште подобар програмер. Имав одлично искуство на магистерските студии по информатика на УТМС. Професорите секогаш беа достапни за мене и ми даваа точни насоки. Со нивна помош и насока, по прв пат издадов научен труд признат на меѓународна ИТ-конференција. Најмногу ми се допаѓаше пристапноста на професорите. На други факултети не секогаш било лесно да се дојде до контакт со нив“, вели Ситниковски.

Интересот за компјутерските науки почнал уште од мали нозе, а како и секое друго дете, најмногу го привлекувале компјутерските игри.

„Прво започнав со играње, а потоа и со правење игри. Потоа почнав да се интересирам како функционираат, зашто функционираат така, и во еден момент стигате до математика и сфаќате дека сѐ се врти околу математиката. Целиот процес беше органички,



**Ивана Трифунова**
Студентка во прва година на
Факултетот за информатика при УТМС

За Ивана Трифунова, студентка во прва година на Факултетот за информатика на УТМС, желбата да студира информатика се појавила во средношколските денови. Задоволна е од наставата на УТМС, но пред сè од професорите и од нивниот начин на предавање.

„Исто така сум среќна што нашата настава се одвива со физичко присуство бидејќи знаењата што ќе ги стекнеме лично на универзитетот не може да се стекнат преку онлајн настава, не особено за областа на компјутерските науки. Освен изучување на теоретскиот дел, постојано правиме вежби со нашите професори, кои мене лично ми се од голема полза", вели Трифунова.

Во време кога светот технолошки забрзано се развива, а побарувачката за ИТ-инженерите е голема во светски рамки, за Трифунова семејството и пријателите се многу важни, па затоа својата професионална иднина засега ја гледа во Македонија.

„Постојат многу насоки во компјутерскиот свет, и сè уште е рано да зборувам што би работела конкретно. Би можела да ги издвојам вебдизајнот и креирањето вебстрани, бидејќи тоа покрај знаењето, бара и многу креативност и посветеност. Јас на некој начин се трудам секоја моја задача да ја извршам онака многу прецизно и концизно, па сметам дека би била максимално посветена во тој сегмент", вели студентката Ивана Трифунова, додавајќи дека во професионалната надоградба, важно за секој млад човек е да работи со многу труд и желба.



немав некаков план дека морам да бидам програмер бидејќи е добро платено. Едноставно, цел живот сум чувствувал дека е тоа вистинската професија за мене", вели Ситниковски, кој во моментов работи како програмер во странска фирма.

Математика и програмирање му се двата омилени сегменти во кои ја гледа својата иднина.

„Тие две лежат во сржта на информатиката, и според мене се неоддели компоненти. Со тие две се стекнува критично размислување и може да се работи речиси секаква работа во ИТ-индустријата", завршува Боро Ситниковски, магистер по компјутерски науки.



**Боро Ситниковски**
Магистер по информатика на УТМС

# КОЛУМНА

Пишува: **Проф. д-р Зоран ИВАНОВСКИ**
Проректор за наука и развој на УТМС

# ПРЕДИЗВИЦИТЕ ЗА МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА: СТАГФЛАЦИЈА ANTE PORTAS!



Пандемијата со Ковид-19 не само што остави длабоки последици врз земјата како една од најголемите здравствени предизвици со кои се соочила, туку се преслика и врз економијата глобално предизвикувајќи сериозни проблеми за националната економија. Владините мерки за ублажување на последиците од кризата преточени во шест економски пакета влијаеа позитивно врз зачувување на работните места и на одржување на синџирите на снабдување.

Мерките на нашата Влада во суштината беа слични со мерките во развиените европски држави, но сепак постоеја одредени разлики. Вкупниот обем на мерките од првите четири пакета изнесуваше околу 3,5% од БДП, со што се рангира како трет најмал во Европа. Од нив, мерките со буџетски импликации изнесуваа 2% од БДП, а тие без директни буџетски импликации беа 1,5%.

Сепак, спроведените мерки не успееја во целост да ги елиминираат последиците од здравствената криза врз планираните стапки на економски раст и стапката на невработеност, а како резултат на фискалните интервенции се продлабочи буџетскиот дефицит и порасна јавниот долг. Покрај главните економски индикатори, треба да се истакне дека за време на пандемијата, во државата порасна и нееднаквоста, па вредноста на Џини-коефициентот во 2020 се зголеми од 30% на 33,5%, што претставува многу висок скок за толку краток период.

Во текот на 2021 почна да се чувствува и нестабилноста на пазарите на енергенси и на електричната енергија, а состојбата ескалираше кон крајот на годината. Како резултат на заложбите на ЕУ за промовирање на употребата на зелена енергија, беа воведени високи такси за корисниците на фосилните горива, како и субвенции (сертификати) за тие што користат зелена енергија. Тоа создаде дисбаланс во понудата на електричната енергија, што се преслика во драматичен раст на цената на струјата на светските берзи. Зависноста на земјата од увоз на електрична енергија креираше дополнителен притисок врз националната економија. Економските оператори, во обид да ја антиципираат состојбата и да го „префрлат“ товарот на очекуваното поскапување врз крајните корисници, порастот на цената на струјата, преку синџирот на „рационални очекувања“,



Проф. д-р Зоран Ивановски
Проректор за наука и развој на УТМС





постепено го вградуваа во цените на другите производи.

На проблемот со електричната енергија, кој во суштината е финансиски проблем – струја има, но по многу висока цена – набргу се надоврза и енормниот пораст на цените на природниот гас и на нафтените деривати. Особено драматичен е растот на цената на гасот, кој ги надмина сите најпесимистички очекувања на корисниците.

Да сублимираме, очекуваното постепено опоравување на економијата по пандемискиот шок не се оствари поради високите увозни ценовни шокови што почнаа да ја „тресат" националната економија.

Кон крајот на февруари 2022 година се случи и руската инвазија врз Украина, со што дополнително се зголеми глобалната економска нестабилност. Македонската економија, како мала и отворена, немаше многу маневарски простор да ја ублажи или да ја избегне.

Директното влијание на воениот конфликт врз македонската економија не беше многу голем, пред сè поради големината на обемот на надворешната трговска размена меѓу двете економии. Уделот на оваа размена во вкупните увозно-извозни трансакции на земјата, од 8% во 2000 година, опадна на 1,8% пред почетокот на војната. Македонските компании во Русија извезуваа овошје, зеленчук, тутун, лекови и производи од машинската и од електронската индустрија. Според податоците на UN COMTRADE за 2020 година, вредност на овој извоз изнесувал околу 60 милиони долари, а само увозот на гасот и на горивото биле во висина од околу 80 милиони долари годишно. Со оглед на структурата на надворешно-трговската размена, директните ефекти од конфликтот ќе бидат слаби, а најмногу ќе ги почувствуваат производителите на земјоделските производи.

Сепак, индиректните ефекти од пореметувањата што се случуваат на глобално ниво во секторите во кои Русија има значително учество, се многу посериозни и веќе видливи и во македонската економија. Русија извезува 60% од потрошувачаката на гас во ЕУ, најголемиот македонски економски

партнер, произведува повеќе од 10% од светската нафта, а со Украина покрива над 30% од светскто производство на житарици. Покрај ова, двете земји се сериозни производители на метали, па војната директно влијае врз високите нагорни ценовни трендови на берзите на енергенси, храна и на метали.

Порастот на цените се преслика врз порастот на инфлацијата во земјата, па веќе бележиме стапка на инфлација од 7,6% на годишно ниво, со тенденција оваа бројка наскоро да стане и двоцифрена. Имајќи предвид дека поголемиот дел од факторите што ја генерираат инфлацијата потекнуваат од страната на понудата (цените на енергенсите, струјата, гасот, горивата, увозната храна и металите), интервенцииите на централната банка за затегнување на монетарната политика би имале незначително влијание. Тоа значи дека освен веќе докажаната терапија на Народната банка на стабилен девизен курс на денарот кон еврото, која веќе подолг период обезедува целосна стабилност на цените, инструментариумот за интервенции е ограничен, и пред сè може да се лоцира кај мерките на фискалната политика.

Пред да ѝ се осврнеме подетално на инфлацијата, да изнесеме и други потенцијални проблеми со кои веќе се соочува нашата економија.

Порастот на цените на увозната струја (околу 30% од потребите на земјата), нафта и гас, директно ќе влијае врз порастот на дефицитот во платниот биланс, што конечно ќе мора да се покрива од девизните резерви, или уште поверојатно со дополнително задолжување на земјата. Тука треба да се нагласи дека речиси и да не постои маневарски простор за задолжување имајќи предвид дека учеството на јавниот долг веќе ја надмина психолошката бариера од 60% од БДП. Државата усвои стратегија за среднорочна фискална консолидација што треба да се реализира, доколку државата планира да направи фискална консолидација и да ги сведе буџетските дефицити и јавниот долг на нивоа што гарантираат одржливост на јавните финансии на долг рок.

Секако, може да се очекуваат и обиди за обезбедување кредити за рефинансирање на обврските, со тоа што треба да се очекува и пораст на цената на задолжувањето, особено за малите и растечки економии каква што е нашата.

Сето ова навестува прилично комплексна економска состојба. Веќе забележаната инфлација и „тешко остварливиот“ планиран раст на БДП од 4% за 2022 година се првите сигнали за можна стагфлација.

Имено, постојат многу резерви околу планираниот раст, пред сè поради високите цени на енергенсите и несиурноста на нивното обезбедување на подолг рок. Основна премиса на инвестициите е долгорочна стабилност и ценовна предвидливост на влезовите, што во вакви услови не е остварливо, а што секако ќе доведе до одлагање и/или апстинирање од планираните приватни инвестиции. На ова се надоврзуваат и државните капитални инвестиции, кои иако планирани на максимално ниво, тешко дека ќе може да се остварат. Реално е да се очекува дека дел од нив ќе се користат за тековни трансфери и за помош на социјално ранливите категории, а со тоа и дека ќе имаме ребаланс на буџетот кон средината на годината.

Сепак, тука треба да се запрашаме дали требаа порано да реагираат државата и Народната банка? Дали не е ова што сега се случува производ на некои претходни политики? Дали доцниме со стабилизацијата на инфлацијата?

Нема сомнение дека е инфлацијата во најголема мера увезена, но во одредена мера и домашно создадена. Според домашните власти, таа е резултат исклучиво на растот на трошоците за производство што се пресликува и врз крајните цени (англиски: cost

push inflation), а не на агрегатната побарувачка или на домашната понуда (англиски: demand pull inflation).

Сепак, инфлациските очекувања и пред војната во Украина беа зголемени, со започнатиот тренд на саморазгорувачка инфлација. Инфлацијата кај нас почна порано од инфлацијата во еврозоната како резултат на порастот на цените на храната (особено на маслата и мастите) и на електричната енергија по изборите во 2020 година. Базичната инфлацијата, која ги исклучува енергијата, течните горива и непроцесираната храна, започна умерено да расте уште за време на пандемијата во 2020 година, а доби на интензитет од април 2021 година.

Тука би ги објасниле двата клучни домашни фактори за високата и растечка инфлација.

Прв домашен фактор е растот на трошоците за труд по единица производ. Со порастот на минималната плата се зголемија трошоците на трудот. Трошоците за труд интензивно растат во подолг временски период како резултат на растот на бруто-платите во услови кога продуктивноста на трудот се намалува. Ова е домашен фактор што зависи исклучиво од постојните домашни макроекономски политики, кои не ја подобруваат продуктивноста во економијата. Трошоците за труд по единица производ во 2021 година се повисоки за 35% од нивото во 2016 година, додека продуктивноста на трудот во 2021 година е пониска за 4% од нивото во 2016 година. Овој кумулативен раст на трошоците за труд и кумулативен пад на продуктивноста мора некаде и некој го компезира, или Владата со пари од буџетот или приватниот сектор преку раст на крајните цени. Како и да е, кога растот на платите не е резултат на зголемената продуктивност на трудот, се генерира инфлација.

Втор домашен фактор е историското ниско домашно производство на електрична енергија. Прелевањето на енергетската криза од Европа во земјата, која започна од втората половина на 2021 година и доби на интензитет при крајот на годината, а кое уште повеќе се интензивираше со настанатата геополитичка ситуација, немаше да биде големо ако произведувавме домашна електрична енергија како некогаш. Бруто-домашното производство од термоцентралите и хидроцентралите во ноември и декември во 2021 година покриваше 33,6% и 44,8% од вкупната потрошувачка на електрична енергија, додека историскиот месечен просек е 61,5%. Затоа имавме потреба од увоз, чија цена беше исклучително висока во последното тримесечје на 2021 година. Директниот трошокот за економијата беше голем (вкупно потрошени 170 милиони евра од буџетот, што претставува воедно и девизен одлив од економијата), а индиректниот трошок уште поголем – пренесен врз инфлацијата.

Појавата на инфлацијата државата започна да ја третира со лимитирање на цените, односно со нивно „замрзнување". Сепак, тоа се краткорочни и административни мерки неодржливи на долг рок, кои може да креираат недостиг од продукти и празни рафтови во продавнците (како што е сега состојбата со маслото за јадење). Имено, ако сакаме пазарно да интервенираме во општото ниво на цените, треба да се интервенира преку стоковите и нафтените резерви.

Една од функциите на стоковите резерви и тие на нафтените деривати е да се активираат и пуштат во употреба при поголеми нарушувања на пазарот. Растот на цените на примарните производи (пченицата, пченката итн.) почна уште од почетокот на пандемијата, а растот на цената на нафтата од средината на 2021 година. Ако се искористеа стоковите и нафтените резерви, Владата ќе ги неутрализираше нарушувањата на пазарот што ги кренаа цените на високо ниво. За разлика од крутите административни краткорочни мерки, со ваква интервенција во понудата се дејствува ефикасно и – секако – пазарно врз стабилизација на цените.

Исто така, државата можеше поефикасно да ја искористи и даночната политика за да обезбеди ценовна стабилност, преку сведување на стапката на ДДВ кај електричната енергија од 18% на 5%, намалување на стапката на ДДВ за храна од 5% на 0% и преполување на акцизата на нафтените деривати. Тука Владата задоцни поради фактот што ефектите од реакцијата кога цените се веќе високи не се исти со тие кога цените почнуваат да растат. Секако, државата помасивно го полни буџетот заради тоа што повисоките цени се пресликуваат и на остварување на повисоки даночни приходи.

На крајот, да дадеме коментар и околу апстинирањето на Народната банка од мерки за корекции на основната каматна стапка односно од заострување на монетарната политика, со кои може да влијае врз зауздувањето на инфлацијата. Во академските кругови има консензус дека интервенциите од овој тип не помагаат кога инфлацијата доаѓа од страна на понудата и кога е увезена однадвор. Сепак, факт е дека јавната потрошувачка расте и придонесува за раст на инфлацијата, што веќе претставува простор за дејствување со мерки на монетарната политика и каде што може да се очекува дека примената на вакви мерки ќе влијае врз намалување на инфлацијата.

Имено, последните податоци за бруто-домашниот производ за 2021 година од Државниот завод за статистика, како и податоците за реализацијата на буџетот за 2021 година покажаа дека и домашната побарувачка одиграла улога во разгорувањето на инфлацијата. Домашната побарувачка, збир од три агрегати (приватната потрошувачка на домаќинствата, јавната потрошувачка на државата и бруто-инвестициите) била висока во таа година, особено во нејзиното последно тримесечје. Приватната потрошувачка била значајно засилена и забележала годишен раст од 5,7%, со што го надминала и предкризното ниво за овој квартал (за 1,7% повисока од нивото од последниот квартал на 2019 година). Дека приватната потрошувачка растела покажува и производната страна на БДП, според која трговијата на големо и мало има висок годишен реален раст од 9,2%, со што се надминало и предкризното ниво (за 7%). Јавната потрошувачка, пак, била годишно повисока за 6,5%, а од предкризното ниво за високи 9,8%. Во последниот квартал на 2021 година немавме никаква реализација на антикризни мерки. Трансферите кон ЕСМ не треба да се евидентираат како јавна потрошувачка ниту како стимулација за економијата поради фактот што се наменети за купување на девизи за увоз.

Поради тоа сметаме дека требаше да има реакција од Народната банка во делот од нагорна корекција на основната каматна стапка, барем за 0,25%. Оправдувањето дека инфлацијата е само увезена и предизвикана од растот на трошоците за производство ја демантираат бројките објавени од Државниот завод за стастистика. Според нив, домашната побарувачка создавала притисок врз цените, што е можеби причината што имаме повисока инфлација од еврозоната. Се чини дека Народната банка сè уште има главна цел да го стимулира растот на економијата, како и да го одржува евтино финансирањето на Владата.

Интервенцијата на Владата за ублажување на последиците од пандемијата врз економијата нè чинеа 1,6 милијарди евра нов јавен долг во две пандемиски години, а сепак доживеавме најдлабока рецесија од 6,1% во 2020 година во поновата македонска историја.

Останува да видиме (иако според нас, изгледите се мали) дали е остварен планираниот раст од 4% за 2021 година.

Во однос на растот, јасно е дека непосредниот ефект од разгорувањето на конфликтот меѓу Русија и Украина ќе биде растот на цените на нафтените деривати и на природниот гас, а со тоа на цената на електрична енергија, што директно ќе ги погоди домашните бизниси. Парите за справување со енергетската криза од 5,2 милијарди денари за 2022 година се

истрошени. Потребен е ребаланс на буџетот за да се обезбедат средства за понатамошно справување со енергетската криза и за кумулирање стокови резерви.

Грубата пресметка за преносот на повисоките цени на нафтените деривати врз инфлацијата (течни горива за домување, горива и мазива за сопствени превозни средства  и транспортни услуги, кои имаат пондер од 5,8% заедно) е дека ако цената на суровата нафта од 100 долари за барел се искачи на 120 долари за барел, ефектот врз инфлацијата во Македонија ќе биде околу 1 процентен поен.

Дополнителниот пораст или задржувањето на високата цена на електричната енергија се неповолни за бизнис секторот на слободниот пазар и имаа потенцијал да ги качат цените на крајните производи и услуги, односно да се рефлектираат дополнително врз инфлацијата. Така, секундарните ефекти од растот на цените на енергенсите веќе се отсликаа во базичната инфлација. Инфлацијата со исклучена енергија, течни горива и мазива, непроцесирана храна, тутун и алкохолни пијалаци (базична инфлација) од август 2021 година до јануари 2022 година се зголемила за 2,4%, што значи дека повисоките цени на трошоците за производство (пред сè на електричната енергија и на течните горива) се отсликаа и во другите цени на производите и на услугите.

Во услови кога нема усогласување на платите со инфлацијата, таа ќе значи повторно намалување на куповната моќ на населението, а со тоа и пониска приватна потрошувачка. Ова ќе се преслика на намалено остварување на јавните приходи, чија најчеста последица е намалување на планираните капитални инвестиции, што во услови на намалени приватни инвестиции, ќе се преслика на намалена стапка на економски раст.

Во таков амбиент, реално е да се очекува стагфлација на националната економија.




**Берза во Њујорк**
*Извор: www.inc.com*

# ИНФЛАЦИЈАТА ЈА ИЗЕДЕ ПЛАТАТА



Зголемувањето на минималната плата стана реалност. Почнувајќи од март, со исплата на мартовската плата во април, 80 илјади работници што досега земаа нешто над 15.000 денари, ќе одат на работа за месечни примања од 18.000 денари. Мачните преговори на синдикатите со Владата и со организациите на работодавачите траеја неколку месеци. Се разговараше многупати, копјата се кршеа околу висината на надоместокот, но сите пресекоа и си подадоа рака за сумата од 18.00 денари. Сега се поставува прашањето колку можат компаниите да го понесат овој финансиски товар. Исцедени од финансиските загуби поради пандемијата со вирусот Ковид-19, дотолчени од поскапувањето на енергенсите и на храната, порастот на минималецот на голем број работодавачи им дојде како „сол на рана". Признаваат дека ќе биде тешко – многубројните кризи економски ги дотолчија. Не е мал бројот на компании што ставија клуч на врата и им поделија откази на вработените. Затоа и побараа Владата да интервенира од буџетот, да доделува субвенции за исплата на минимална плата.




**Миле Бошков**
Претседател на Бизнис конфедерацијата на Македонија

„Зборуваме за една категорија луѓе што не знам дали сфаќаат, дали знаат како изгледа да се направи 22.000 бруто плата, чист профит од приходот што ќе треба да го поминеш низ сметка. Зборувам за оние што се во занаетчиство, трудоинтензивни дејности со мали можности за исплаќање плата или приходи, не само во пандемија и криза, туку воопшто. Ќе бидеме сведоци на засилување на сивата економија, но и на бран отпуштања, на крај ќе дојдеме во ситуација да бидеме уште позадолжени, до поголеми даноци", реагираше Миле Бошков, претседател на Бизнис конфедерацијата на Македонија.

И од Организацијата на работодавачите признаваат дека за дел од фирмите исплатата на минималецот ќе биде предизвик. Економијата сè уште не е заздравена, продуктивноста е на ниско ниво, па не се исклучува можноста компаниите да посегнат по непопуларни потези како што е, на пример, намалување на вработените во некои сектори.

„Определени компании, определени дејности ќе се соочат со сериозен проблем со намалување на капацитетот на вработените, бидејќи знаеме дека нема да можат оние ексел табели со кои се пресметува платата да ги аплицираат во образецот за плата и да ги исплатат", рече Владанка Трајкоска од Организацијата на работодавачите.

За помош на фирмите за зголемување на минималната плата во буџетот се предвидени 16 милиони евра, кои ќе се искористат за покривање на разликата во придонесите во првата година. Сепак, првичниот оптимизам кај бизнисмените спласна откако се дозна дека Владата нема намера да им помогне на сите што имаат потреба од финансиска инјекција. Компаниите што веќе добиле државна помош за време на пандемиската криза, сега нема да може да добијат субвенции за минималната плата. Негативно изненадени, работодавачите веќе кажаа дека тоа не било фер кон дел од компаниите, зашто токму на помалите фирми помошта им била и повеќе од потребна. Се почувствуваа изиграни од власта бидејќи ова не било дел од договорот кога си подадоа рака.

„Искрено се чудам зошто е воспоставена ваква методологија. Не можеме да прфатиме ако не биде предлогот онаков каков што го предложивме и каков што треба да е исполнет. Тоа е фер дијалог од сите засегнати страни. Ние бараме Владата принципелно да си го одржи зборот, според договорот со Синдикатите", рече Миле Бошков.

Вицепремиерот за економски прашања Фатмир Битиќи, пак, признава дека тоа било намерно направено за да нема концентрација на државна помош на исто место и за иста намена. Клучен услов што ја ограничува можноста за субвенции од 1.197 денари по вработен за дел од придонесите е фирмата да не била корисник на државна помош за зголемени плати од 600 до 6.000 денари.

„Истите тие компании што се корисници на

државна помош, не може да бидат корисници и на мерката за покривање на придонесите за субвенционирање на минималната плата. И тоа е логично. Ние не можеме да дозволиме да има две исти мерки за иста потреба и затоа е направена таква дистинкција“, вели вицепремиерот Битиќи.

Државната помош тешко дека ќе стигне на сметките на компаниите, предупредуваат од Организацијата на работодавачите. Субвенцијата по работник е утврдена на 1.197 денари, но пресметките на компаниите по работник изнесуваат 2.800 денари на нето-плата од 18.000 денари.

„Се утврдува да се даваат субвенции за придонеси на минималната плата, односно за плата до 18.000 денари. Тоа значи дека компаниите ќе имаат проблем да исплатат ваква плата и да добијат субвенции за неа. Поконкретно, ако сакаат да добијат субвенции, работодавците ќе треба да не ги исплаќаат ниту законскиот минат труд од 0,5 отсто ниту другите додатоци на плата (прекувремени часови, работа во празник и во недела, робота ноќе, работа во три смени), кои износот на најниската плата го зголемуваат над 18.000 денари, односно над износот за кој е утврдено да се добиваат субвенциите“, вели Ангел Димитров од Организацијата на работодавачите.

Субвенции да нема за компании со високи добивки, побара економскиот аналитичар Бранимир Јовановиќ, инаку поранешен советник во министерството за финансии.

„Државата не треба да помага фирми што можат сами да ја покачат минималната плата и фирми што остваруваат големи добивки. На пример, ако имате голема фабрика што вработува 5.000 луѓе, од кои 90% се на минимална плата, а таа фабрика остварува милионска добивка, зошто да ѝ помага државата на таква фирам? Таа може и самата да ги зголеми платите. Нема никакво оправдување“, вели Јовановиќ.




Токму потребата од државни субвенции за исплата на минималецот, според Благица Петрески од Фајненс тинк е показател дека компаниите се во тешка финансиска состојба и едноставно не можат да ја исплатат ниту најниската сума. Долгорочно решение, според неа, би било државата долгорочно стратешки да се насочи кон едуцирање на повисоко платени кадри.

„Со новиот праг од 18.000 денари, една четвртина од вработените ќе бидат на минимална плата и ќе направи притсок за пораст на платите особено кај оние вработени што претходно биле во тој ранг од околу 18.000 денари. Во спротивно, ако нема таков пораст, тоа може да влијае демотивирачки кај попродуктивните вработени. Да почнеме да генерираме кадри што нема да таргетираат нископлатежни работни места. Само така ќе може да имаме долгорочна одржливост и задоволни работници“, вели Благица Петрески од Фајненс тинк.

Од здружението „Гласен текстилец“ не се задоволни од сегашното законско решение. Тие побарале раст на минималецот по моделот во Црна Гора, но без да се „чепка“ во државната каса. Државата да се откаже од дел од даночните приходи, но и да се врати кон прогресивниот данок за оние што имаат за да им даде на оние што имаат многу помалку, во име на праведноста и на еднаквоста. Кристина Ампева од здружението вели дека наместо само да се преслика една програма што дава резултати, се најавувале небулози како ослободување од даноци за најбогатата ИТ индустрија. Стравува дека ќе се вратат старите појави на злоупотреба на државната помош и проширување на сивата економија.

„Ќе се вратат појавите дел од плата да им се враќа на газдите, ќе има проблем со непријавени работници, ќе има исплата под минималец или пријавување од 8 на 4 часа работно време, ќе има урамниловка на плати што ќе направи незадоволство кај поискусните работници и намалена продуктивност", вели Ампева.

Реално, треба ли туристичко-угостителскиот сектор да „стравува" од покачувањето на минималецот? Не е тајна дека дел од вработените во угостителството се пријавени на најниската плата, но не е редок ниту пак бројот на случаи кога газдите и управителите го сторија тоа по стартот на кризата предизвикана од пандемијата. Сепак, од Туристичко-угостителската комора при Сојузот на стопански комори смируваат. Платите кај нив биле нешто повисоки од просекот во другите сектори и најновото поместување нагоре немало да има некое посериозно влијание врз ликвидноста на деловните субјекти. Многу поголем проблем бил недостигот од кадар.

„Кога е во прашање човечкиот капитал во овој сектор, мора да истакнеме дека е сериозен проблем недостигот од квалитетен кадар, што се должи на миграција во европските земји, каде што постојат многу подобри условите за живеење и за работа и каде што, секако, и примањата се многу повисоки. Поради овој дефицит во секторот, а со цел постигнување и одржување на високо ниво на квалитет на туристичката понуда, мора да се најде начин како да се продуцира потребниот кадар за непречена дејност на компаниите.Туристичко-угостителската дејност како брзо растечка дејност што може да повлече кон економски раст и развој, треба да добие вистинска поддршка за да ги оствари своите потенцијали", велат од ССК.

Голем дел од луѓето што се дел од туристичко-угостителскиот сектор се пријавени на минималец. Меѓу оние со најниски плати се вбројуваат и агентите за резервации во туристичките агенции, туристичките водичи, собарките, вработените во службите за перење, чистење и за peглање во хотелите, келнерите, рецепционерите итн.

Договор за минималец



> ЈОСИФОСКА: ***Сите тури се откажуваат кога ќе разберат дека ништо не работи. Гостите не можат три дена во кафана да поминат. Тотален колапс за нас, намалување на работните саати на вработените, вишок вработени. Охрид отсекогаш работел и празници и недели. Овај закон ја сотре охридската чаршија.***

Меѓу оние што први се кренаа на нозе околу порастот на минималната плата, а особено поради забраната да се работи во недела, беа трговците од „Чаршискиот еснаф“ во Охрид. Велат дека речиси сите имаат и така ограничени примања, а дека неработната недела уште толку ги дотолчила. Тие бараат Владата да размисли да ги исклучи од ова правило или пак да им дозволи да работат во недела додека трае сезоната, од 1. мај до крајот на септември. Вака, постојното законско решение може да предизвика долгорочни негативни последици врз туризмот во охридско-струшкиот регион. Веќе ги почувствувале првите негативни реакции.

„Сите тури се откажуваат кога ќе разберат дека ништо не работи. Гостите не може три дена во кафана да поминат. Тотален колапс за нас, намалување на работните саати на вработените, вишок вработени. Охрид отсекогаш работел и празници и недели. Овај закон ја сотре охридската чаршија“, вели Соња Јосифоска, сопственичка на дуќан во Охрид.

Охридска чаршија



Наместо Охрид да печали пари во викендите, потенцијалните купувачи и гости се одлучуваат да заминат во соседна Албанија, се пожалија од „Чаршиски еснаф“.

„Сега имаме уште еден поголем проблем. Се јавува туроператор дека гостите сакаат да купат бисери и добива одговор од дуќанџиите дека не смеат да отворат. Колку наш народ заминува во соседна Албанија на шопинг, не само на ручек во Поградец! Има битолчани, прилепчани што доаѓаат, овде – велат – пиеме кафе, немаме што да правиме, одиме Албанија, блиску е“, вели Маја Бакалова, претседател на „Чаршиски еснаф“.

Едни од најзасегнатите се и туристичките водичи. Откако останаа без работа поради рестрикциите за патувања и едвај потоа финансиски застанаа на нозе, ова дополнително им ја влошува состојбата.

„Како туристички водичи ние сме директно засегнати со овој нов Закон, бидејќи сме дел од туристичкиот систем, а Охрид како туристичко место трпи големи загуби. Последиците се далекусежни. Едноставно, од понеделник до сабота да работите, а во неделата да одмарате, тоа никаде го нема во ниту една турстичка дестинација. Со тоа трпи и македонскиот и охридскиот туристички производ, кој повеќе не може да се нарече целосен“, вели претседателот на здружението на туристички водичи „Кеј", Климент Наумов.

## РАСТЕ ПРИТИСОКОТ ЗА ПОРАСТ НА ОСТАНАТИТЕ ПЛАТИ

Синдикатите ја извојуваа битката за минималецот, но незадоволството нема да се смири сѐ додека не успее притисокот за скалесто зголемување и на другите плати. Усогласувањето со минималецот мора да биде направено за да се избегне изедначувањето во примањата кај различни категории работници со различен обем и тежина на работа. Кога се гласаше законот за минималецот во собранието, беа одбиени амандманите на опозицијата за раст на сите плати. Владата остана на ставот дека другите плати ќе се уредуваат со други акти. Се преговара, синдикатите организираат протести, но на сметките на работниците засега нема покачување. На прашањето дали можат компаниите што работат во областа на туризмот и на угостителството да издржат ново зголемување и на другите плати, од Туристичко-угостителската комора при ССК посочуваат дека се работи за еден од најпогодените сектори во кризата. И покрај напредокот, финансиската состојба им е далеку од сјајна. Бараат поддршка за исплата на платите на сезонските работници од странство.

„Во минатата година имаше позитивно придвижување во однос на 2020 година. Сепак, негативните ефекти сѐ уште се чувствуваат, а деловните субјекти сѐ уште не се финансиски стабилни. Сојузот на стопански комори и Туристичко-угостителската комора секогаш поддржувале зголемување на платите кога е тоа економски оправдано, во секој друг случај такво решение е неодржливо и може да предизвика поголема штета од корист. Сметаме дека за компаниите од туристичко-угостителскиот секторот би требало да има поволности во однос на намалување на стапките на придонеси за исплата на плата на сезонските работници од соседните држави што се ангажирани во нашата земја“, одговараат од ТУК.

## ИНФЛАЦИЈАТА ЈА „ИЗЕДЕ“ ПЛАТАТА

Граѓаните со нетрпение чекаат на зголемување на платите, бидејќи џебовите сѐ побрзо им се празнат. Поради пандемијата, но и војната во Украина, цените на храната и на енергенсите се вивнаа до небо. Веќе се точи поскап бензин, се плаќа повеќе за струја, гас и за парно, а енормно поскапеа и сите прехранбени продукти. Нагорните ценовни движења резултираа со остварена просечна годишна стапка на инфлација од 7,1% во првите два месеца од 2022 година. Властите се трудат преку откажување од дел од акцизата и од ДДВ-то, како и со ограничување на маржите во трговијата, да го стопираат растот на цените, но засега со ограничен успех. И покрај зголемувањето на минималецот, се чини дека граѓаните не добиваат повисок животен стандард. Напротив, платата поголема за 45 евра треба да ја искористат за да ги подмират зголемените трошоци за храна, струја, парно и за горива. Уште пред да се зголемат цените на основните прехранбени производи, Сојузот на синдикати на Македонија за јануари пресмета „посолена“ минимална синдикална кошничка. За да го купи најнеопходното, на едно четиричлено семејство во земјава му требаат 35.811 денари или 770 денари повеќе отколку во декември во 2021 година. Притоа, речиси 43% или 15.317,93 денари отпаѓаат на храната и на пијалоците. Со 11.447 денари односно 31,97% учествува домувањето, хигиената е застапена со 6,74% или со 2.415 денари, превозот со 2.652 денари односно 7,41%, облека и обувки со 2.165 денари или 6,05%, културата со 1.067 или 2,98% и одржување на здравјето со 745 денари, поточно 2%. Тоа значи дека и покрај порастот, речиси две минимални плати се едвај доволни за да се задоволат само најосновните потреби. За сите вонредни трошоци, граѓаните треба да се задолжуваат.



**Горан Ѓорѓиевски**,
Претседател на Комората на агробизнисот при Сојузот на стопански комори на Македонија

**Дали ќе влијае негативно зголемувањето на минималната плата врз работењето на компаниите? Некои најавуваат дека ќе им се намалат драстично профитите, а други дека ќе бидат принудени да даваат откази.**

Сојузот на стопанските комори го поддржува зголемувањето на минималната плата бидејќи работната сила е најголемиот капитал. Веруваме дека задоволните работници се главен предуслови за постоењето успешни компании. Но, во креирањето на политиките на една земја, треба да се водиме според здравата економска логика. Секој друг пристап носи дестабилизација, нарушени економски односи и поделби во општеството. Како претставници на бизнис-заедницата, секогаш поддржуваме зголемување на платите, ако е тоа последица на пазарните механизми, на зголемената продуктивност на работната сила и на зголемената економска активност на бизнис-секторот. Посочивме и дека е можеби подобро во услови на криза да се разгледува решение што би значело намалување на придонесите за сметка на зголемување на нето-износот што им се исплаќа на работниците.

**Можат ли фирмите да издржат ново зголемување и на останатите плати во вакви услови?**

Зголемувањето на минималната плата ќе влијае и врз намалувањето на мотивацијата кај дел од вработените, особено кај оние што досега беа попродуктивни, бидејќи голем број деловни субјекти, особено микро- и малите претпријатија ќе немаат можност да постават соодветни скалила на плати, такви што ќе кореспондираат со продуктивноста и со перформансите на вработените. Растот на платите дополнително ќе ги зголеми трошоците на претпријатијата, кои во периодот и без оваа мерка значително се зголемуваат. Зголемените трошоци може да

доведат до зголемување на невработеноста, да го отежнат процесот на отворање нови работни места, но и да предизвикаат понатамошен раст на цените на производите и на услугите кај нас. Минималната плата исто така ќе ги поттикне инфлаторните движења во македонската економија.

**Владата ќе им подели субвенции на фирмите за да можат да исплатат минималец, но сите нема да може да добијат помош. Од оваа мерка се исклучени компаниите што досега примиле каква било државна поддршка. Сметате ли дека ќе има ефект оваа помош?**

Концептот на зголемување на минималната плата, како и условите за остварување на ова право се утврдуваат во процес преку Економско-социјалниот совет. Законските измени се донесени, а од месецот кога ќе почне имплементацијата, ќе може да се види дали ќе се соочиме во практиката со некои предизвици што ќе треба да се надминат.

**Фирмите се соочија со енормен раст на трошоците во последниов период (минимална плата, поскапување на енергенси, суровини, производи од увоз). Колку сте задоволни од новиот пакет антикризни мерки? Треба ли дополнителна помош за стопанството?**

Ситуацијата во која се наоѓаме е исклучително тешка и неизвесна, економските оператори немаат резерви со кои би можеле да ја одржуваат нарушената ликвидност бидејќи кризата со која се соочуваме трае многу долго. Почна со пандемијата и прекинот во светските ланци на снабдување, па следуваше светската инфлација, а сега и воениот конфликт во Украина. Прогнозите за наредниот период се неизвесни, без голема доза оптимизам за надминување на состојбите. Пакетот мерки што го донесе Владата ќе има позитивен ефект во надминувањето на несаканите ефекти, но сметаме дека постои простор за нивно надополнување и модификација. Во таа насока го истакнуваме нашето барање за активирање на стоковите резерви, кои се од круцијално значење во ваква кризна ситуација. Стоковите резерви треба да се дадат на бизнисите по соодветно ниска цена за да се искористат во производството со цел излезната цена на производот да биде соодветно пониска и подостапна за потрошувачите. Важно е да се обезбеди и субвенционирање на цената на електричната енергија за деловните субјекти. Посебна поддршка треба да има за микро-, малите и средните претпријатија, кои се најголеми носители на економските активности во нашата држава, тие се најголеми вработувачи и воедно имаат најголем удел во бруто-домашниот производ, а се најчувствителни на негативните ефекти.

**Дали и покрај мерките за ограничување на маржите, намалување на ДДВ-то и акцизите, може да се очекува пораст на цените на основните продукти во наредниот период? За колку се зголемени во меѓувреме цените на пченицата, брашното и на другите влезови?**

Извесно е дека глобално цените на храната ќе останат високи и во следниот период, на тоа предупредува и Организацијата за храна и земјоделство при Обединетите нации, имајќи предвид дека Украина и Русија имаат значајно учество во вкупното количество на најважните житни култури. Како ќе се одвива воениот конфликт, дали ќе дозволи Русија извоз и дали ќе можат земјоделците во Украина да ги соберат житните култури и да ги достават на пазарот поради масовното раселување на населението што го намали бројот на работниците, засега е неизвесно. Како ќе се движат цените на основните прехранбени производи во најголем дел зависи од тоа како ќе се движат цените на влезовите за нивно производство, кои во последниов период имаат изразен нагорен тренд. Цената на енергенсите, особено на гасот, може да биде сериозен предизвик бидејќи не постојат алтернативи за негово обезбедување.

# ИНТЕРВЈУ СО СТЕВЧО ЈАКИМОВСКИ

## Градоначалник на Општина Карпош

*Поништени се сите урбанистички планови, општината е во застој, но ќе се врати во нормала.*



„Имаме блокада на сметката од 2 милиони евра, кои во овие три месеци успеавме да ги намалиме за 850 илјади евра. Ако ги додадеме другите обврски и платите, за сето останато практично ни остануваат околу 350.000 евра. Тоа никогаш не се случило во Карпош. Зошто е тоа така? Затоа што сега буџетот се подготвува врз основа на просекот од изминатите три години, а изминатите три години биле најслаби во историјата на Карпош“, вели градоначалникот на општина Карпош Стевчо Јакомовски во интервју за Магазинот за туризам и менаџмент. Тој објаснува дека општинскиот буџет е драстично намален, и тешко е да се реализираат проекти. Но, како што вели, нема да се жали туку ќе работи. Тој меѓу другото појаснува дека претходниот градоначалник стартувал само еден проект, што е сериозен проблем за реализација на идни проекти. Јакимовски  посочи дека централната власт ги стопира вработувањата во градинките каде што има слободни места, а деца чекаат да бидат згрижени.



**Стевчо Јакимовски**
Градоначалник на Општина Карпош



> ***За жал, кога дојдов на функцијата, прашав какви проекти се изработуваат и кои се изработени, за да распишеме тендери и да ги реализираме. Добив одговор дека се прави само еден крак од улица во Карпош 1 и дека немаме ниту еден подготвен проект. Во меѓувреме, распишавме тендер и избравме фирма што ќе ги работи проектите. Нарачани се повеќе од 25. Овие шест месеци ќе ни требаат да се изработат проектите, за да може потоа да преминеме на нивна реализација, зашто законот не дозволува што било да се работи на терен без проект.***

**Одново ја добивте довербата на карпошани на последните локални избори, кои се клучните проекти во првите три месеци кон кои сте насочени?**

Во овие три месеци приоритет ни беше што е можно побрзо финансиски да ја стабилизираме општината, односно да ја одблокираме сметката за да можеме нормално да функционираме. Во меѓувреме работевме на изработка на нови проекти. За жал, кога дојдов на функцијата, прашав какви проекти се изработуваат и кои се изработени, за да распишеме тендери и да ги реализираме. Добив одговор дека се прави само еден крак од улица во Карпош 1 и дека немаме ниту еден подготвен проект.

Во меѓувреме, распишавме тендер и избравме фирма што ќе ги работи проектите. Нарачани се повеќе од 25. Овие шест месеци ќе ни требаат да се изработат проектите, за да може



**Стевчо Јакимовски**
Градоначалник на Општина Карпош

потоа да преминеме на нивна реализација, зашто законот не дозволува што било да се работи на терен без проект.

Од самиот почеток, исклучително важно ни беше да ја вратиме на високо ниво и хигиената во општината, како што и заслужуваат карпошани. Како што може да се види, работите тука веќе се ставени под контрола.

Еден од главните приоритети ни е обезбедување нови места и соодветни услови за нашите најмлади сограѓани во градинките, но морам да кажам дека за овој проблем од неразбирливи причини не наидуваме на соработка и поддршка од централната власт. Попрецизно, од Министерството за финансии и од Министерството за труд и социјална политика со месеци чекаме одобрување за пополнување на испразнетите места. Има околу дваесетина места испразнети од вработени што заминале во пензија, починале или од кои од разнорazни други причини повеќе не работат во градинките. И замислете, во време на пандемија, кога има потреба од поголем број вработени и организирање помали групи деца, ние имаме сосема спротивна ситуација. Во вакви услови е невозможно да се згрижат децата, а камоли да се обезбеди квалитетен образовно-едукативен процес. Веќе во неколку наврати апелирав, ја користам и оваа прилика да ги повикам надлежните министерства во најбрзо време да дадат одобренија за пополнување на овие испразнети места.

**Наидовте на тешка ситуација со многу долгови во општината, а од друга страна, и намален буџет. Како планирате да ја реализирате ветената програма пред граѓаните?**

Како што знаете, за разлика од некои мои колеги, јас не излегов да се жалам и да кукам за проблемите што ги наследив на градоначалничката функција. Најголемата штета е направена со тоа што се драстично

паднати приходите од 650 милиони денари на 340 милиони денари годишно. Тоа значи речиси пет милиони евра годишно помалку пари во буџетот, кои се трошеле во минатото за проекти. За четири години, тоа се 20 милиони евра. Огромна ненадоместлива штета направена на буџетот на Општина Карпош. Како резултат на тоа, имаме блокада на сметката од 2 милиони евра, кои во овие три месеци успеавме да ги намалиме за 850 илјади евра. Ако ги додадеме другите обврски и платите, за сето останато практично ни остануваат околу 350.000 евра. Тоа никогаш не се случило во Карпош. Зошто е тоа така? Затоа што сега буџетот се подготвува врз основа на просекот од изминатите три години. А изминатите три години биле најслаби во историјата на Карпош.

Но, моите напори се насочени прво да ја деблокираме сметката. Сакам до крајот на март да успееме во намерата. Во исто време се трудиме да ги подигнеме приходите. Успеваме во тоа во првите три месеци. Важно е да ги сервисираме обврските на време. Да ги испорачаме обврските кон граѓаните, пред сè кон младите – за полагање возачки испит.

**Со најавата на изградба на нови градинки во општината наведени во програмата, се забележува дека се враќате на идејата за зголемување на наталитетот и задржување на младите во државата. На кои локации ќе бидат изградени и дали ќе успеете да ги реализирате овие проекти, особено со минусното салдо на општинската каса?**

Да, како што веќе напоменав, финансиската состојба во општината во моментот е лоша. Но, ние нема да се жалиме туку ќе бараме решенија за да ги исполниме ветувањата што ги дадовме пред изборите. Нашиот план е да нема ниту едно незгрижено дете во општината, па врз основа на тоа ќе биде проектиран и планот за изградба на нови капацитети и за проширување на постојните со по две до три нови занимални. Во предвид е изградба на нови градинки во Влае, Средно Нерези, Злокуќани и Тафталиџе. Се разгледуваат архитектонски решенија врз основа на кои потоа ќе се пресметуваат и трошоците на чинење.

Во меѓувреме, проблемот со недостигот од места ќе го решаваме со враќање на сила на одлуката со која се забранува запишување деца што не се од оваа општина. Дозволивме овие деца да останат до јуни годинава, а потоа родителите ќе мора да им најдат нови места за згрижување, за да се ослободат места за децата од Карпош.

**Скопје постојано се наоѓа на врвот на листите на најзагадени градови во светот. Фокус во програмата е екологијата. Како ќе придонесете за намалување на загаденоста како градоначалник на општина Карпош?**

Проблемот е многу сложен. Стимулирањето купување инвертори во замена за греење на дрва се усложнува со порастот на цената на електричната енергија. Мора да бараме нови решенија, како на пример субвенционирање за замена на стари шпорети со нови еколошки. Сите потрошувачи што користат мазут да се преориентираат на гас или на друго гориво. Државата исто така треба да се ангажира за да се намали бројот на возила што користат дизел. Треба да се зголеми и ангажманот на институциите околу проекти за садење дрва, подигање зелени површини, како и да се работи на подигање на свеста за чиста околина од најмала возраст.

**Градежниот сектор, кој беше главен двигател на македонската економија, во изминатите години стагнира. Дали планира општината да издаде нови дозволи за градба и на кои локации?**

За жал, поништени се речиси сите урбанистички планови и сега сме во комплетен застој. Голем проблем имаат граѓаните во индивидуално домување. Не можат ниту да градат ниту да доградуваат. Се обидуваме барем неколку урбанистички планови да донесеме. Да го деблокираме работењето во Козле, Влае 1 и 2, Тафталиџе 1 и



**Стевчо Јакимовски**
Градоначалник на Општина Карпош

2, а во исто време да донесеме нови урбанистички планови за Влае кај дирекцијата на поранешно „Маврово". Во моментов во фаза на изработка се 39 урбанистички планови.

**На Македонија ѝ се случи енергетска криза. Зголемена цена на струјата, одредени рестрикции на уличното осветлување. Се намали и капацитетот на парното греење, па граѓаните се жалат дека за редовно платени сметки, добиваат речиси ладни радијаторите. Кој е вашиот став за ситуацијата во енергетиката и дали има општината надлежност да преземе чекори со кои може да се заштитат граѓаните на општината?**

Во овој дел, за жал немам ингеренции како градоначалник. На север од нас имаме убав пример. Во Србија немаат енергетска криза. Но, таму некој водел сметка навреме. Се сеќавате на изјавата на Вучиќ „док сам ја претседник, Колубара се нече затворити", дадена во периодот кога беше под голем притисок да ја затвори термоелектраната? Аналогно на тоа, ако некој водел сметка да обезбеди јаглен за РЕК Битола, немаше да бидеме во оваа состојба, а во исто време ќе се градеа и нови капацитети. Јас во 2004 година како министер за економија ставив камен-темелник на ХЕЦ Св. Петка, и оттогаш не се гради ништо. Што е најстрашно, нема ни најава за нови капацитети. Постапката за фотоволтаични централи во кои може да инвестираат граѓани и фирми е многу сложена, концесиите тешко се добиваат, па не е многу сложено да се утврди кој е виновен за ваквата криза.

**Дали планирате средби со градоначалници на други земји со цел зацврстување на соработката или можеби отпочнување нови заеднички проекти?**

Да секако. Како и во минатото, така и сега имам намера да соработувам со градоначалниците од општините во земјава, но и од надвор.



**Во вашата општина жителите на три населени места имаат сериозен проблем со јавниот превоз. Вие најавивте бесплатен автобуски превоз за Трнодол, Жданец и с. Нерези. Од кога стратува проектот?**

Еден мал куриозитет околу ова прашање. Овој проект го реализирав уште пред повторно да ја добијам довербата на граѓаните на локалните избори. Имено, во текот на предизборната кампања, објавив видеопорака во која ветив дека ќе воведам автобуска линија од овие населени места до Сити мол. Ден-два подоцна, ЈСП Скопје, кое е под надлежност на Град Скопје, објави дека воведува автобуска линија на истата релација од следниот ден. Веројатно им се допаднала мојата идеја, па решија да ја искористат во предизборието. Но од нејасни причини, веднаш по вториот круг од изборите, кога опозициските кандидати победија и во Карпош и во Град Скопје, автобусите престанаа на сообраќаат. Штом дознав, веднаш интервенирав кај директорот на ЈСП Скопје, при што добив образложение дека прекинот се должел на дефект на автобусот. Но, за среќа, дефектот го поправија уште истиот ден, така што линијата повторно профункционира. Како и да е, граѓаните од овие населени места сега може да ги користат услугите на ЈСП како сите останати жители на Скопје.

**Во програмата ветувате нови паркови, поубави патеки. Дали ќе поттикнете и кај спортистите поголем ентузијазам со подобри услови за спортување?**

Јас сум поранешен спортист, па поради тоа спортистите секогаш имале поддршка од мене. Мојата врата и во претходните мои мандати била секогаш отворена за нив, така што и сега сум подготвен да помогнам во рамките на можностите, се разбира.

**Планирате бесплатна возачка обука за сите млади штом ќе наполнат 18 години. Како планирате да ја реализирате идејата? Од кога ќе може младите да почнат да се пријавуваат?**

Овој проект е еден од првите што ќе биде реализиран. За многу кратко време ќе биде распишан јавен оглас. За жал, за сега, поради лошата финансиска состојба, нема да бидеме во можност да ја покриеме целата сума. Но, планот е да почнеме со субвенционирање од околу 50 проценти од вкупната сума. Ако успееме со ребаланс да обезбедиме дополнителни средства, ќе биде покриена целата сума. Како и да е, ако евентуално не успееме во оваа година, во следната би им ги рефундирале овие средства на нашите млади од Карпош за да си го исполниме ветувањето.

**Што го исполнува Јакимовски во приватниот живот? Како го поминувате вашето слободно време?**

Реално имам многу малку слободно време. Но, кога го имам, најголемо задоволство ми е причинува да бидам во моето родно село.



Панорама од Крушево

# КРУШЕВО – ЗАБОРАВЕН ИСТОРИСКИ ГРАД – МУЗЕЈ ИЛИ ИДИЛИЧНО КАТЧЕ ЗА ПОСЕТА ПРЕКУ ЦЕЛАТА ГОДИНА?



**Додека трае пандемиската криза, ограничените можности за патување „натераа“ многу Македонци одново да посакаат да ја запознаат татковината. Наместо на плажите во Грција, турите за викенд низ европските метрополи или шопингот во соседството, се чини дека повторно им се вративме на корените, кон љубопитноста да научиме и да видиме повеќе од сопствените природни убавини, историски локации, уникатна архитектура. Едно од гратчињата што пленат со својата автентичност и допадливост е – секако – Крушево, идилично место од кое со сигурност ќе се вратите наполенти со позитивна енергија.**



Пишува: Билјана ПРОЕСКА

Речиси и да не постои некое помало гратче во Македонија што има толку потенцијал да биде посетено од туристите преку целата година како што е Крушево. Сместено на падините на Бушова Планина, Крушево е највисокиот град на Балканот и првиот етноград во Европа. Сепак, ова магично место што изобилува со историја, недопрена природа, зеленило и со атрактивни стари куќи е празно повеќе од половина година. Освен поголемото внимание што го добива градот лете околу празникот Илинден и во зима поради скијачката сезона, во месеците помеѓу, особено во работните денови, тишината низ крушевските улици ќе ве совлада. Младите се одамна иселени во потрага по подобар живот во околните градови и во Скопје, а инвестиции речиси и да нема. На градот под итно му треба рестарт и добро инфраструктурно планирање за да може туристичката понуда да биде комплетна



Спомен-куќата на Тоше Проески



и одржлива на долг рок. За почеток, Крушево е добро поврзано со патишта до другите градови, но тие се во лоша состојба. Иако се направија напори за санирање на делниците од Кривогаштани и Демир Хисар, градежните активности се одвиваат бавно. Речиси сите што одат кон градот го користат патниот правец од Прилеп. Само едната сообраќајна лента од регионалниот пат тешко дека може да го издржи напливот од возила лете кога има најголем метеж. Патот, пак, од Крушево до Демир Хисар е посебна приказна. Со години жителите од двата града и од околните места се жалеа дека делницата е полна со дупки и дека не може да се извозат ниту 100 метри без да се застане. Властите направија напори за реконструкција, но само половични.


Спомен-куќата на Тоше Проески

Населението сè уште се жали, а надлежните уверуваат дека во 2022-та конечно правците од Кривогаштани и Демир Хисар ќе бидат санирани. Градот внатре се чини добро уреден. Сепак, зиме кога наносите од снег се најголеми, локалните власти често потфрлуваат. Така, скијачите и другите туристи негодуваат поради неисчистените улици и несобраниот смет. Билјана Проеска, крушевчанка и кандидат за градоначалник на последните локални избори, вели дека одржувањето на инфраструктурата мора да биде во фокусот.

„Единствена должност на властите беше да се чистат улиците, да биде проодно и безбедно за туристите, но се соочивме со нивната немоќ или неспособност. Крушево беше заглавено во снег и непроодно. Дополнителен проблем е паркингот, кој за жал го има со ограничен број паркинг места, па туристите се наоѓаат во ситуации кога треба да пешачат и по 2 километри од местото на оставање на возилото до сместувачкиот капацитет“, вели Проеска.

Кога ќе прашате некој локален жител по што е препознатлив неговиот град, сите како од пушка одговараат дека се гордеат со богатата историја, со илинденско Крушево, но и со музичката попсвезда Тоше Проески. Без разлика каде престојувате, каде јадете, во кој објект ќе влезете или кого ќе сретнете по крушевските сокаци, секаде ќе наидете на некого што го познавал и кој со задоволство непрекинато може да ви раскажува за часовите поминати со Тоше и одново да ги

прераскажува анегдотите и доживувањата со него. Неговите обожаватели организираат маратони, мото и велосипедски тури од местото на загинувањето до неговиот роден град речиси секоја година од 2007-та до денес, најчесто околу деновите на неговата смрт, но и за неговиот роденден. Затоа не случајно убедливо најпосетен во целата држава е музејот што му е посветен нему, Спомен-куќата на Тоше Проески. За 10 години, дури 700 илјади посетители стапнале во Спомен-куќата, каде што ќе ве пречекаат негови лични предмети од детството, преку тие од школските денови во Крушево и во Битола, па сè до предемти поврзани со неговата богата музичка кариера. Таму се витрината во која е изложена неговата прва акустична гитара од најраното детство, неговиот велосипед и мотор, моторџиската облека, одбојкарскиот дрес со број 9, патиките, дипломатскиот пасош како Амбасадор на добрата волја на УНИЦЕФ, позлатената икона купена на аџилак во Ерусалим, уметнички слики, лични фотографии, па дури и неговата собна гарнитура. Особен впечаток оставаат двете восочни фигури во природна големина изработени во Киевската школа за восочни фигури во Украина. Триста и педесет изложени и уште толку неизложени експонати во депото на музејот ја заокружуваат животната приказна на нашиот најпознат пејач.

За разлика од Спомен-куќата на Тоше, другите музеи во Крушево тонат во заборав. Иако на прва ќе си речете дека е градот познат токму по богатата историја, па очекувано е акцентот да го стави токму на музејскиот туризам, тоа ни оддалеку не е така. НУ „Историски музеј" – Крушево е установа што се грижи за музеите во градот. Новопоставениот в.д. директор Тома Тана вели дека годишно едвај две илјади посетители стапнуваат во музеите. Најпосетувани се споменикот „Македониум" и галеријата „Никола Мартиноски" зашто во моментов останатите објекти не се во функција поради реновирање и реконструкции. Не е тајна дека се неопходни инвестиции за обнова, како на нивната внатрешност, така и на фасадите. Од продажба на билети не може ниту да се помисли да се покријат барем дел од трошоците бидејќи се цените прениски. Поединечните карти се движат од 20 до 60 денари, а групните влезници од 40 денари за домашни до 120 денари за странски туристи. Токму затоа финансиите за одржување и обнова на музеите се оставени на милост и немилост на централната власт. Сепак, нешто веќе почнало да се реновира.

„Дел од музејските објекти се во прилично лоша состојба поради староста и поради нивната обемна површина, но дел редовно се одржуваат преку голем број реставраторски и инвестициски проекти поддржани од страна на Министерство за култура. Потребна е поголема финансиска поддршка за обнова на музеите и за кадровски засилувања бидејќи има голем број музејски објекти", вели Тана.

Туристите најчесто се жалат дека дел од музеите не работат секој ден, па немаат можност да ги посетат. Голем дел од нив не се информирани дека неколку музеи не работат во моментов. Директорот уверува дека работното време е секој ден од 08:30 до 16:30 часот, вклучувајќи ги и саботата и неделата, а

**Македониум**



посетителите за секој објект може да се информират во инфоцентарот на Гумење.

Убедливо најпосетуван во оваа група е споменикот Илинден или „Македониум“, кој доминира над градот, уникатно архитектонско дело што претставува најпрепознатливо обележје на Крушево. Таму се и посмртните останки на познатиот револуционер и прв претседател на Крушевската Република, Никола Карев. Комплексот, инаку идејно решение на архитектката Искра Грабул, вајарот Симон Грабул и сликарот Борко Лазевски, почнува со плато на кое се претставени раскинати пранги, продолжува преку хронологијата на значајните настани и личности од илинденскиот период, сè до атрактивниот мозаичен амфитеатар, куполата, витражите и релјефите што го симболизираат стремежот за слобода на македонскиот народ.

Друг препознатлив објект отворен за јавноста е галеријата „Никола Мартиноски“, сместена во стара куќа со автентична крушевска архитектура, позната по изложените 62 ликовни дела на познатиот македонски сликар. Куќата избрана од самиот Мартиноски додека бил жив е изградена во 1832 година, а убедливо најпознатиот експонат што е изложен во неа е уметничкото дело „Доилка“ на сликарот од 1967 година. Делото наречено уште и „македонска Мона Лиза“, во 1972 година било изложено во познатиот париски музеј Лувр.


Панорама од Крушево

За жал, останатите музеи се привремено затворени, па посетителите немаат можност да влезат во Музејот на НОВ, во кој се сместени експонати од партизанскиот период, а во кој  доминира фреската-мурал на Борко Лазески, која го претставува текот на војната.

Во Музејот на Илинденското востание и Крушевската Република се сместени оригинални оружја, карти, мапи и фотографии од споменатиот период.

Еден од најатрактивните музеи е – секако – Леарницата. Таму може да се видат уникатни оружја од илинденскиот период, пушки од француско, австриско и од американско потекло, заробени пушки од Турците, стари пиштоли „кремењачи“, како и пушката „Штаер Малихер“ на Никола Карев.

„Оловните зрна се исто така уникатни. Во леарницата тајно се носело олово што се собирало по куќите, потоа тие оловни предмети се топеле во посебни садови, и од растопеното олово се правеле зрната за муниција. Тие и ден-денес им се на увид на посетителите“, раскажува директорот Тома Тана.

Младите од Крушево забрзано се иселуваат со децении наназад. Во градот и во околината, освен помалите поврзани со туристичко-угостителската понуда, речиси и да нема нова инвестиција што би ги натерала младите да останат овде и да придонесат кон обнова на родниот крај. Немањето понуди за работа очигледно си го зема данокот во Крушево. Иако голем дел од кадарот е ангажиран во угостителството, сезоната трае прекратко за да



Параглајдерство над Крушево





може вработените да бидат пријавени нормално на полно работно време, а газдите мака мачат да ги одржат капацитетите во живот преку целата година. Сите се сложуваат дека е неопходна понуда што ќе трае 4 годишни времиња, особено во делот на спортските и на културните активности.

Кога е во прашање спортот, Крушево стана видно препознатливо место на мапата на авантуристичкиот туризам. Гратчето се вбројува меѓу најдобрите места во светот за вљубениците во параглајдингот поради географската положба, надморската височина и поволните климатски услови. Очекувано најголема е посетеноста лете, кога се организираат куповите и натпреварите во параглајдинг, а сè повеќе се зголемува и бројот на туристи што сакаат да пробаат параглајдинг во тандем, поттикнати од адреналинска љубопитност да ја почусвтвуваат магијата на летањето со параглајдер.

Стерули Ѓоргиески е еден од сертифицираните тандем-пилоти за параглајдинг. По долги години учење, усовршување и професионална надградба, вели конечно го остварил долгогодишниот сон. Со помош на своите блиски пријатели, само пред неколку недели го креираше Параглајдинг Крушево. Иако се засега присутни само на социјалните мрежи, иницијативата наидува на одобрување не само од локалното население туку и од поддржувачи целата земја. На стартот на иницајативата, кон крајот на зимата, временските услови не дозволувале официјален почеток на сезоната, но сега веќе се организираат летови, па на лето во Параглајдинг Крушево очекуваат голем број заинтересирани туристи. Ѓоргиески вели дека иако се чини лесно, за некој да стане сертифициран тандем-пилот за параглајдинг освен желба, треба и многу работа. Патот за добивање лиценца е долг дури 3 години. Почнува со тренинзи на рамен терен, преку полагање тестови, па сè до достигнување на бројката од 200 до 300 реализирани летови.

„Се лета исклучиво со висококвалитетна опрема, која секако влијае на безбедноста. Знам дека голем дел од заинтересираните се соочуваат со страв, но од досегашното искуство, во моментот кога сте веќе над градот и Пелагонија, чувствувате една слобода и безгрижност како светот да е ваш, па целосно го  заборавате стравот. Секој што е заинтересиран за лет секако добива соодветни насоки, но кога сме веќе во лет, најубаво е да ѝ се препуштите на слободата и да уживате во погледот, останато е моја



Пешачка патека во околината на Крушево





работа. Безгрижноста, слободата и погледот на околината од една друга перспектива го прават летот со параглајдер незаборавен. Секако, тука е и адреналинот, кој, би рекол, носи во друга димензија. За љубителите на адреналин нудиме и лет во термика, кој е подолг, но вклучува и определени различни движења во воздух за разлика од другиот, порелаксирачки лет. Она што го гарантираме на крај е незаборавно искуство што се памети цел живот", вели Ѓоргиески.

Сепак, за да се охрабрат што повеќе луѓе да го искусат летањето со параглајдер, неопходни се и инвестиции во добра инфраструктура, проширување и организирање нови полетувалишта, како и уредување простор за паркинг за посетителите.

„Иако се работи веќе на подобрување на полетувалиштето и на уредување на околината, сепак градот треба да ја подобри целокупната туристичка понуда. Најголема пречка останува да биде лошата пристапност до градот од клучни локации како што се Охрид и Скопје. Потребно е да се придобијата повеќе квалитетни превозници за да се реши транспортот, кој влијае врз заинтересираноста не само на странските туку и на домашните туристи. Потоа е потребно да се овозможи туристите подобро да се информираат и да се снајдат во градот, преку поставување инфотабли и мапи што ќе им помогнат не само да стигнат до полетувалиштето туку и да ги запознаат нашата богата култура и историја. На крајот, сите заедно мора да се погрижиме да имаме чиста околина, за нас и за нашата природа", вели Стерули.

И локалните жители и посетителите се сложни кога велат дека Крушево може да стане авантуристички рај – да се уредат пешачките патеки, да се инвестира во планински велосипедизам, да се обезбедат повеќе локации за летање со параглајдер, змејарството е исто така во подем – можностите се огромни. Сепак, инвестициите се најчесто поврзани со вложувањата на приватниот сектор, многу повеќе отколу со тие на локалните власти.

Една таква позитивна приказна е поврзана со функционирањето на скијачкиот центар Станич. Така, покрај можноста да се спуштате по благите скијачки патеки погодни за почетници, може да изнајмите електрични санки и четириколи, да резервирате скијање со инструктор, да се напиете кафе или да пробате од храната во ресторанот Алто. Веднаш на скијачките терените се наоѓа и ресторанот „Шапе", сместен во дрвена планинска куќичка, а во чаршијата во Крушево веќе со децении функционира првиот ресторан „Шапе" отворен далечната 1982 година. Уникатната угостителска приказна на „Шапе" нуди надалеку прочуено гастрономско искуство, што слободно може да се каже дека е голем пропуст да отидете во Крушево, а да не го посетите овој ресторан.

Големата надморска височина и климатските услови неминовно упатуваат на планови за проширување и изградба на скијачки центри во Крушево и околината. Еден таков проект е оној на Агенцијата за странски инвестиции, која лани во ноември најави дека ќе бара инвеститор за милионска изградба на целосно нов скијачки центар на Бушова Планина.

Билјана Проеска коментира дека овој проект треба да се заврши час поскоро.

„Таков објект ќе нуди вработувања, економски развој, ќе напредува угостителската струка (келнер, готвач, хотелско-туристички техничар) во средното училиште во Крушево, ќе се зголеми бројот на ученици што ќе се запишуваат, бидејќи ќе постои гаранција за вработување. Исто така, во Крушево веќе 10 години има дисперзирани студии од Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, па кадрите што излегуваат оттаму ќе можат максимално да се вложат во унапредувањето на туристичката понуда. Ние се молиме за повеќе инвеститори и што повеќе луксузни хотели, спа-центри, подолги скијачки стази, поголеми полетувалишта за параглајдери, туристички објекти на Мечкин Камен, но и хотелски објекти околу езерото, каде што се наоѓа викенд-зоната“, вели Проеска.

Вложувања се неопходни и во збогатување на гастрономската понуда, особено во руралните области. Чистата почва и воздух нудат можности за одгледување органски производи и преработки како слатка и џемови од крушевските малини, сливи, шумски јагоди, капини и шипинки. На пазарот има квалитетно овчо и козјо сирење, мед и млеч, а во ресторанитe автентични јадења како крушевски колбас, крушевска пита, питулици со лук,чомлек, ширден, крушевско јагне во фурна и слично.

Посетата на скијачкиот центар, музеите, споменицитe, разните културни настани, уникатното гастрономско искуство, летањето со параглајдер, велосипедизмот, пешачењето и јавањето коњи околу Крушевското Езеро, сето тоа го прави градот атрактивен за посетителите во текот на целата година. Престојот во Крушево е незаборавно доживување за сите сетила – едноставно чист воздух, храна и одмор на едно место.


Крушевско Езеро

# ДУРБИН-ВЕСТИ ОД СВЕТОТ

## МАКЕДОНИЈА СЕ ПРЕТСТАВИ НА НАЈПРЕСТИЖНИОТ САЕМ НА БАЛКАНОТ – „САЈАМ ТУРИЗМА“ ВО БЕЛГРАД



**УТМС им даде одлична можност на студентите за учење и за практика на самото место на меѓународниот саем во Белград**

Македонските убавини, потенцијалот за авантуристите, планинскиот и езерски туризам, во најдобро светло беа претставени на најпрестижниот саем за туризам на Балканот „САЈАМ ТУРИЗМА“ во Белград. Различните култури, дестинации и народи собрани на едно место им овозможија на посетителите на саемот да ги запознаат туристичките можности што ги нуди секоја земја во регионот.

Ова саемско претставување од највисок степен го искусија и студентите од Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје. Тие се сретнаа со претставниците од




Студентите на УТМС со претставниците од АППТ на Меѓународниот саем за туризам во Белград




Студентите на УТМС на промотивниот штанд на Универзитетот „Сингидунум“



Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот и со туристичките агнции што ги претставија македонските потенцијали на највисоко ниво. УТМС им даде можност одблиску да видат како се работи во туризмот и на тој начин да стекнат непроценливо практично знаење, но и нови контакти во оваа област. Студентите се запознаа и со начинот на кој Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот и туристичките агенции ја промовираат нашата земја и се обуваат да привлечат странски туристи.

Меѓународниот саем во Белград се одржа од 24. до 27. март годинава. На македонскиот изложбен простор, директорот на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, д-р Љупчо Јаневски и в.д. амбасадорот на Република Македонија во Република Србија, Михаела Веселинов, оствари средба со министерот за туризам на Република Бугарија и со амбасадорот на Бугарија во Република Србија. Се согласија дека треба да се следат новите трендови, како потребата од зголемување на соработката во делот на информативните патувања на новинари, блогери и инфлуенсери со цел да се промовираат туристичките потенцијали, да се подобри промоцијата и да има повеќе туристи во 2022 година од двете дестинации.

Секоја година, „САЈАМ ТУРИЗМА“ се оддржува на површина од 30.753 m$^2$. Србија е домаќин на 65.000 посетители, над 12.500 професионалци од туристичката индустрија и 900 излагачи од 50 земји, од кои 650 се домашни во рамките на програмата „Србија на едно место“, а 250 се странски излагачи. Настанот е покриен од над 1.000 новинари од Србија и од регионот.

За Македонија, српскиот туристички пазар е еден од најзначајните, па токму затоа се преземаат промотивни активности со цел да се зголеми бројот на српски туристи и на остварени ноќевања. Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот договори медиумски активности за промовирање на туристичките потенцијали на Македонија во Србија, а тие ќе се реализираат и преку онлјан кампања на најчитаните портали на интернет во земјата.



**Железничка станица во Вилнус, Литванија**
*Извор: citify.eu*

# РАСТЕ БРОЈОТ НА ПАТНИЦИ ВО ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СООБРАЌАЈ ВО ЗЕМЈИТЕ НА ЕУ

## Словенците најмногу го користат железничкиот сообраќај

По неколкумесечно намалување на бројот на патувања во железничкиот сообраќај поради рестриктивните епидемиолошки мерки, овој сообраќај се враќа на вистинскиот пат, па во третиот квартал од минатата година забележа значителен пораст на бројот на патници, соопшти Евростат.

Во 20-те земји членки на Европската Унија, во споредба со истиот квартал од претходната година, бројот на патници во железницата е зголемен во третиот квартал во 2021 година. Но и покрај овие податоци, бројот на патници е сè уште под нивото пред стартот на пандемијата.

Споредбено со третиот квартал од 2020 година, најголем пораст во овој сектор е забележан во Словенија, и тоа за 45%, во Ирска растот е 42%, во Италија за 30%, а во Шпанија 29%.

Во истиот квартал и во споредба со истиот период лани, во Летонија имало 12% помалку патници, во Хрватска е забележан пад од 3%, а во Чешка од 1%.

**Железничка станица во Берлин, Германија**
*Извор: www.mobility.siemens.com*





Шангај, Кина
*Извор: www.canstockphoto.com*

# КИНА ОСТВАРИ ЕКОНОМСКИ РАСТ ОД 8,1% ВО ПАНДЕМИСКАТА 2021 ГОДИНА



## Зголемен е бројот на новоосновани компани со странски капитал за 23,3%

Кинеската економија оствари раст од 8,1% во годината погодена од корона вирус. Во 2021 година растот на бруто домашниот производ по глава на жител бил 8%, објави Националното биро за статистика.

„Кинеската економија издржа повеќекратни домашни и меѓународни притисоци во 2021 година и постигна економски раст од 8,1 отсто и раст на БДП по глава на жител од осум отсто“, објавено е во Статистичкиот билтен за национален економски и социјален развој за 2021 година. Придонесот на економскиот раст на Кина во светската економија достигна околу 25%.

Вкупниот обем на узвоз и извоз на стоки во и од Кина е зголемен за 21,4% во однос на претходната година и претставува петгодишен светски рекорд во трговијата со стоки.

Во 2021 година бројот на новоосновани компании со странски капитал во Кина достигна 61.000, што е зголемување за 23,3 отсто во однос на претходната година.



Пекинг, Кина
*Извор: www.theparisreview.org*



# ПАНДЕМИЈАТА И КРИЗАТА ГИ ЗГОЛЕМИЈА РАБОТНИТЕ ЧАСОВИ НА ВРАБОТЕНИТЕ

## Зголемени работни часови за време на викендите

Пандемијата, која придонесе голем дел од вработените да работат од дома, им ги зголеми работните часови на оваа категорија работници. Анализата спроведена на 15 милиони корисници на платформата за развивање софтверски код „Гитхаб", покажа дека работниците работеле за 15% повеќе по почетокот на пандемијата. Споредувани биле работните часови во 2020 година со тие во периодот од 2015 до 2019 година, до почеток на пандемијата.

Во годините наназад, до стартот на пандемијата со вирусот корона, работниците за време на викендите работеле околу 20% од вкупните работни часови, но на почеток на пандемијата овој процент се зголемил за над 24%, или за дополнителни 2 часа. На некои работни места се зголемиле работните часови рано наутро или доцна навечер. На почетокот на пандемијата корисниците на „Гитхаб" работеле 15 д 20 отсто повеќе работни часови или околу 8 часа повеќе на неделно ниво. Во некои земји како Индија, порастот е уште повисок – за 30 или 40 отсто.

## По часови, најмногу работат Хрватите, најмалку Германците и Финците

Според податоците на Евростат, најмалку работни часови во земјите од ЕУ имаат Германците и Финците, а најмногу Хрватите.

Во Германија пропишаната работна недела трае 35,6 часа, работниците можат да работат најмногу десет часа дневно, а најмногу 48 часа неделно, со прекувремена работа. За да работат повеќе, мора да склучат колективен или индивидуален договор.

Во Финска, каде што редовната работна недела е 37,5 часа, прекувремено работниците може да достигнат максимум 48 работни часа, за четири месеци годишно. Во оваа земја, само 13% од работниците работат прекувремено, бидејќи премијата на платата за првите два прекувремени часа од денот е 50%, а за третиот и секој нареден час, таа изнесува 100%. За неделната прекувремена работа се доделува бонус од 50%. Ако го прекрши работодавецот законот за работни односи за работните часови на вработените, се казнува со парична казна и казна затвор до 6 месеци.

Иако долгата работна недела има штетен ефект врз физичкото и менталното здравје, како и врз рамнотежата помеѓу работата и животот на работниците, студијата на Еурофонд за прекувремената работа во ЕУ, како и во Норвешка и во Велика Британија, покажува дека сè уште се смета нормално во некои земји работниците да работат прекувремено.

Во европските земји минималната премија за прекувремена работа во работните денови е 10, 25 или 40 отсто, а за прекувремена работа на државни празници, таа се зголемува до 100 отсто или во некои случаи и до 150 отсто.

Работниците во некои земји можат да добијат 1,5 часа слободно време за секој час прекувремена работа во работните денови наместо бонус.

Инаку, Европската директива за работно време од 2003 година ја ограничи максималната неделна работа на 48 часа заедно со прекувремена работа.



# БИТКОИНИТЕ ПРИВЛЕКУВААТ СЀ ПОГОЛЕМ ИНТЕРЕС – ЗГОЛЕМЕН ПРИХОД ЗА 1,06 МИЛИЈАРДИ ДОЛАРИ ВО ФЕВРУАРИ ГОДИНАВА

## Најголема вредност достигната во март 2021 година

„Копачите“ на биткоинот во февруари годинава пријавија приход од 1,06 милијарди долари, покажуваат податоците на „The Block Research“.

Поголемиот дел од приходот доаѓа од субвенции во износ од 1,05 милијарди долари, а само мал дел од надоместоците за трансакции, 12,95 милиони долари.

Вкупните приходи се намалуваат четврти месец по ред, пагајќи за 12.9% помеѓу јануари и февруари.

Во октомври почна да се намалува вкупниот приход, кога изнесуваше 1,72 милијарди долари.

Биткоините најголемата вредност ја достигнаа во март 2021 година, со вкупно 1,75 милијарди долари.

# РУСКИТЕ ГРАЃАНИ ПРЕФРЛИЛЕ 44 МИЛИЈАРДИ ДОЛАРИ ВО 2021 ГОДИНА ВО СТРАНСКИ БАНКИ



Москва, Руска Федерација

Во 2021 година, руските граѓани префрлиле 44 милијарди долари во странски банки. Тоа е за 9,5% повеќе отколку во 2020 година, објави ,,Комесант“ според официјални податоци на Централната банка на земјата. Од овој износ, околку 12,8 милјарди долари или 30% се префрлени на регионалната организација, Комонвелтот на независни држави познат како ,,Руски комонвелт“.

Минатата година од странски сметки во Русија беа префрлени околу 24,7 милијарди долари, што е за 5,6% повеќе од претходната година.

Според анализите на Централната банка, просечниот износ на пари што го префрлале во странски банки бил 401 долари. Исто така, просечниот износ на дознаки од странство во Русија е зголемен за 2,2 пати, односно 664 долари.

Најмногу се зголемил просечниот износ на трансфери на Руси во земји што не се членки на ЗНД. Централната банка регистрира раст за 4,5 пати на 568 долари. Просечната стапка на трансфер во земјите на ЗНД остана на нивото од 2020 година – 234 долари.

Просечниот износ на трансфери од руски граѓани надвор од ЗНД во Русија се зголеми за 2,8 пати, достигнувајќи 896 долари на крајот од 2021 година. Просечниот износ на трансфери од земјите на ЗНД во Русија се зголеми за 1,8 пати на 281 долари.

# ВЛИЈАНИЕТО НА КОВИД-19 ВРЗ АВИОБИЗНИСОТ И КОЈ Е ПАТОТ НА ЗАКРЕПНУВАЊЕТО



## ВРЕМЕ Е ЗА НОВА НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ВО АВИОБИЗНИСОТ

Во изминативе две години, за време на пандемијата, авиобизнисот поминува низ еден турбулентен период, кој за жал сѐ уште трае. Последиците од кризата предизвикана од Ковид-19 сѐ уште се чувствуваат глобално, па ќе бидат потребни уште најмалку две-три години авиосообраќајот да закрепне на светско ниво.

По наредбите „останете дома“ имплементирани од март 2020 година, воздушниот сообраќај, во САД на пример, достигна најниска точка на 13 април 2020 година, кога само 87.534 луѓе поминале низ безбедносните контролни пунктови на аеродромите. На здравствената криза потоа, се надоврза и енергетската и војната во Украина. За тоа кое е влијанието на панедмијата врз авиобизнисот, дали ќе се врати состојбата на старите патеки на нивото пред пандемијата, кој е патот за закрепнувањето, **разговараме со Зоран Крстевски, долгогодишен експерт и одличен познавач на состојбите во авиобизнисот.**




**Зоран Крстевски**
Експерт за состојбите во авиобизнисот



Од 2020 година, кога се појави пандемијата предизвикана од вирусот Ковид-19, до денес, авиоиндустријата е во постојан пад – мал број патници, операции (летови) со огромни финансиски загуби, отпуштања на персоналот и на вработените. Не се исполнија оптимистичките очекувања за излез од кризата поради Украина, констатира Крстевски.

**Оваа година требаше да се почуствува излез од кризата, но се случи војната во Украина, и уште веднаш на почетокот на годинава се урнаа сите надежи. Се бележи пад од околу 25% на букираните летови годинава, како и намалување до 30% на туристичките аранжмани букираните за ова лето.**

**На ваквата лоша состојба влијае и покачувањето на цената на авиогоривото. Предвидувањата за 2022 година и пред Украина беа дека авиогоривото ќе генерира близу 11.6 билиони долари загуба, и тоа со калкулација на нафтата по цена од 78 долари по барел, а деновиве таа цена достигаше и близу 140 долари по барел,** изјави Крстевски.

Преспективата на авиосообраќајот кај нас, според Крстевски, зависи од повеќе надворешни и внатрешни фактори.

**Екстерните донекаде ги објаснивме во првото прашање, што значи економската криза и воените дејствија првенствено ќе диктираат во кој правец ќе оди авиосообраќајот, и тоа под услов ковидот да не се „поврати“. На пример, Русија учествува со 5.7% во европскиот авиопревоз, а Украина со 3.3%.**

**На ова треба да се додаде и развојот на железницата во Европа (за жал, не и кај нас). Брзите возови што патуваат со над 200**



Зоран Крстевски
Експерт за состојбите во авиобизнисот

**Кај внатрешните фактори, секако е важен интересот да се вложува во авиосообраќајот, а тоа кај нас не е тренд. Причините се различни – од економски ограничувања, откажување од изградба на аеродромска инфраструктура, потребата од вложувања во кадар, како и од отворање кон вложување во авиоиндустрија, нешто слично на тоа што Македонија го прави со слободните економски зони. Време е за нова национална стратегија што ќе ги апострофира сите новонастанати околности, ќе го преиспита концесискиот модел и ќе понуди нов,** вели тој.

Македонскиот авиосообраќај има мал пазар и релативно развиена инфраструктура, но и недоволно вложување во дејноста, анализира Крстевски во однос на развојот на авиосообраќајот во државата во изминатите години.

**Во 2010 година сепак бевме прва држава во регионот што влезе во реформа со таканаречено приватно-јавно партнерство, давајќи ги аеродромите под концесија на 20 години. Претходно имавме реформи и во цивилното воздухопловство, воспоставивме европски регулативи, а контролата на летање се осамостои во посебен субјект. Инвестициите што се спроведуваа не беа така мали, а резултатот не изостана. Прво имавме безбедно летање, а бројот на патници од близу 650 илјади во**

**2008-та го кренавме на 2,6 милиона на двата аеродрома. Во меѓувреме и другите држави во регионот се „разбудија“ и го применија истиот концепт на своите аеродроми: Приштина, Загреб, Љубљана и Белград. Ние почетната предност ја губиме бидејќи не продолживме да инвестираме, што поради кризата, што поради неисполнувања на обврските, како и пренамена на средствата за развој на авиосообраќајот во друга инфраструктура,** вели Крстевски.

За поттикнување на регионалниот развој и за подобрување на состојбата во овој сектор во земјава, помогна и субвенционирањето летови на нискобуџетни превозници.

**Субвенциите се метод на финансиска поткрепа на авиолинии на мали пазари, таков каков што е и пазарот во нашата држава. Тие се посебно регулирани во ЕУ (Public service obligation), и со нив се поттикнува регионалниот развој. Ние ги воведовме во еден важен период, 2014 година, кога имавме изградено аеродромска инфраструктура за 4 милиона патници, а едвај стигавме до 1 милион. Тој модел мора да е проследен и со поддршка од аеродромскиот оператор (incentive program): авиокомпаниите се стимулираат да воведат нови линии, да го зголемат бројот на патници, број на авиони и сл. Она што со текот на времето се напушти по 2017 година е одржливиот баланс помеѓу редовните авиокомпании и нискобуџетните. Македонија изгуби редовни авиокомпании и линии поради тоа, иако доби близу 40 линии со Визер,** потенцира Крстевски.

Според него, основањето национална компанија во овој момент би било државна авантура поради лошото искуство од минатите години, а и искуството во останатите земји од регионот било исто така лошо.

**Во деведесетите Македонија имаше 8-9 авиокомпании, и ниту една не преживеа,**



**Зоран Крстевски**
Експерт за состојбите во авиобизнисот

**банкротираа од различни причини. Истовремено, авиокомпаниите на државите во регионот правеа огромни загуби и сите порано или подоцна пропаѓаа или се продаваа. Основање национална компанија во овие времиња би била државна авантура,** вели Крстевски.

Крстевски ја поздравува нововоспоставената авио линија Скопје – Софија, но според него подобра идеја од аспект на туризмот е сезонска линија Охрид – Софија.

**Пред 15-тина години имавме обид за авиоврска со Софија, и тоа пропадна. Добро е да има линија и да се поддржи финансиски, иако мислам ќе беше подобро да се воспостави прво сезонска линија Софија – Охрид, поаѓајќи од интересот за туризам,** завршува Крстевски.



Метин Батак
Генерален директор на ТАВ Македонија

# КОИ СЕ НОВИНИТЕ НА СКОПСКИОТ АЕРОДРОМ?

Се реновира пистата на Скопскиот аеродром. Летовите ќе се одвиваат од 17 часот попладне до 9 часот наутро.

**Рехабилитацијата, како што неодамна информираа од ТАВ, ќе се реализира од 28 март до 16 мај годинава, во период од 50 дена. Инвестицијата е 7,5 милиони евра. Рехабилитацијата на пистата значи дека практично ќе го обновиме горниот слој на асфалтот на пистата, па затоа, во текот на овој период, меѓу 9 и 17 часот, од 28 март до 16 мај, 2022 година, на пистата ќе се изведуваат градежни работи. Секој ден, во споменатиот временски период, ќе се рехабилитира еден дел од вкупната должина на полетно-слетната патека, со цел аеродромот да остане оперативен, односно да можеме нормално да ги опслужуваме летовите во текот на останатиот период од денот, од 17 часот нападне до 9 часот наутро,** изјави во пишана изјава генералниот директор на ТАВ Македонија, Метин Батак.

На 28 март стартуваше летниот распоред на летање.

**Моментално, летниот распоред на летање од Меѓународниот аеродром во Скопје има 35 дестинации. Летовите за сите дестинации од лани ќе продолжат, освен за Москва, Санкт-Петербург и за Киев. Иако беа пуштени како авиолинии првпат во кризата со ковидот, во 2020 и во 2021 година, во моментов овие три линии не се оперативни.**

**Во овој летен распоред на летање се враќаат и неколку рути што беа активни пред пандемијата, но во текот на зимската сезона не беа сè уште вратени.**

**Друга авиолинија што можеби дека ќе се воспостави по завршувањето на рехабилитацијата на пистата е Скопје – Варшава, со полската авиокомпанија ЛОТ, која исто како и авиолинијата до Истанбул, се користеше од нашите патници како конекција за патувања до САД.**

**Во првите два месеца од годинава, ТАВ Македонија бележи вкупно 215.227 патници на двата аеродрома, Меѓународниот аеродром во Скопје и Аеродромот Св.**

**Апостол Павле во Охрид. Тоа е пад од 29% од вкупниот број патници споредено со бројките за јануари и за февруари во 2019 како референтна година. Во однос на 2021 година, пак, бројот на патници во првите два месеца оваа година е зголемен за 107%.**

**Бројот на летови на двата аеродрома во првите два месеци годинава е 1.900, што е за 46% повеќе во однос на истиот период лани, но е за 26% помалку во однос на 2019 година,** изјави г-н Метин Батак.

Неодамна Скопскиот аеродром беше избран за најдобар аеродром во Европа во неговата големина. Ова е седми пат како Скопскиот аеродром ја добива наградата за Најдобар аеродром во неговата големина во регионот на Европа. Генералниот директор на ТАВ Македонија, Метин Батак, изјави дека ова е резултат на заложбите и на посветената работа.

**Ова е седми пат како ја добиваме оваа прекрасна вест дека Меѓународниот аеродром во Скопје е награден од ACI за квалитет на аеродромските услуги за Најдобар аеродром во неговата големина и регион, а вторпат по ред од минатата година за Најдобри хигиенски мерки по регион за 2021 година. Воодушевени сме што Меѓународниот совет на аеродроми го награди скопскиот аеродром. Овие награди и признанија се доказ за нашите извонредни напори во еден ваков исклучителен период бидејќи 2021-та беше година кога сè уште значително се соочувавме со ефектите од глобалната пандемија. Меѓутоа, нашите патници и клиенти уште еднаш ги потврдија нашата заложба, напорна работа и посветеност. Ние сме благодарни, горди и привилегирани од нивната позитивна оценка за нашата работа, особено ако ги земеме предвид предизвиците поради моменталните околности,** изјави за медиумите, генералниот директор на ТАВ Македонија, Метин Батак.

Да се надеваме дека почнатиот процес на укинување на сложените рестрикции поврзани со пандемијата ќе влијае позитивно врз зголемување на авионските патувања. Веруваме и дека позитивниот тренд на авионски патувања, поддржан од моменталниот процес на укинување на сложените рестрикции за патување наметнати од различните држави, ќе продолжи и во следниот период.

Меѓународниот аеродорм во Скопје



# „МАКЕДОНИЈА МИ Е ВТОР ДОМ“
## Ексклузивно интервју со амбасадорот на Унгарија во Македонија

**„Во Македонија се чуствувам како дома“, вели во интервју за Магазинот за туризам и менаџмент унгарскиот амбасадор во земјава, Н.Е. д-р Ласло Иштван Дукс. Семејство на унгарскиот амбасадор одлично зборува македонски јазик, а омилени дестинации за прошетка им се планините и, секако, градот заштитен од Унеско, Охрид.**



**Господине Дукс, повеќе од пет години сте амбасадор на Република Унгарија во Македонија. Како се навикнавте на животот во нашата земја?**

Пристигнавме летото во 2016 година и уште од првиот ден се чувствувавме добредојдени и како дома. Живеењето во земја речиси шест години, особено со деца, значи дека земјата ви станува втор дом. Има многу сличности меѓу нашите земји, нашите култури и народи. Македонците се генерално многу срдечни и гостопримливи, така што лесно се вклопивме.

**Го совладавте ли македонскиот јазик, дали се навикнавте на балканските навики и кое ви е највпечатливото место во нашата земја?**

Македонскиот јазик го учев пред моето доаѓање во Скопје, но, за жал, откако сме овде, не го користам колку што мислев дека ќе го користам бидејќи речиси сите зборуваат англиски јазик, барем во главниот град. Така, сега мојата сопруга и нашите деца зборуваат многу подобро македонски од мене. Нашите култури се релативно слични, многу работи ни беа познати. Сепак, почнав да го ценам порелаксираниот пристап кон животот, можноста да се разговара за сè со кафе. Доаѓајќи од претежно рамничарска земја, навистина многу ги сакам планините во Северна Македонија, без разлика во кој дел од земјата.

**Вашата дипломатска работа подразбира и голем број работни обврски. Би сакале ли да споделите со нашите читатели како ви поминува еден вообичаен работен ден?**

Обично почнувам со работа во канцеларија околу осум часот, откако ќе ги однесам децата на училиште. По читањето на локалните и на меѓународните вести, најчесто присуствувам на различни состаноци. Исто така, треба редовно да известуваме и за случувањата во земјата. Во вечерните часови, особено во периодот пред рестрикциите поврзани со ковидот, се одржуваа многу културни настани, приеми и вечери. Се трудам што почесто да заминам од главниот град и да ја запознаам



**Н.Е. д-р Ласло Иштван Дукс**
Амбасадор на Унгарија во Македонија





земјата подобро. Би рекол дека омилени денови во седмицата ми се тие кога патувам во некоја општина што не сум ја посетил претходно, да се сретнам со нејзините официјални претставници и со локалните жители таму, а и да ја запознаам природата во тој крај.

**Македонија изобилува со природни убавини, но што е тоа што недостига според вас за да се привлечат повеќе гости, а земјава да се најде на мапата на атрактивни туристички дестинации?**

Природните убавини и културното наследство се исклучителни. Но, сепак, на инфраструктурата, на општата инфраструктура како патиштата или на поспецифичната инфраструктура за туризмот како хотелите или бањите сè уште им треба определен развој. Се надеваме дека со почетокот на процесот за пристапување во ЕУ ќе бидат достапни повеќе средства за вакви проекти. Унгарските туристи почнаа да ја откриваат земјата особено по 2017 година, кога почнаа да сообраќајат нискобуџетните директни летови меѓу Будимпешта и Скопје. Пандемијата особено го погоди туристичкиот сектор, но се надеваме дека наскоро ќе можеме да се вратиме во нормала.

**Покрај секојдневните работни обврски во Амбасадата, успеавте ли да видите дел од природните убавини на земјава и што е тоа што ви оставило најголем впечаток? Некое место што ви е особено драго?**

Една од предностите на амбасадорот е што добива многу покани за различни настани и средби во сите делови од земјата. Имав привилегија да посетам многу општини. Насекаде има добро познати туристички атракции и скриени природни убавини. Се разбира, Охрид, како наследство на УНЕСКО е посебен, и – како што реков – навистина им се восхитувам на вашите високи планини. Имаме многу посебен однос со Крушево, каде што по поразот на Револуцијата во 1956 година, 550 Унгарци нашле привремено засолниште. Нивниот спомен е вредно зачуван таму и секогаш со задоволство го посетуваме овој убав град, кој има посебно историско значење и за Македонците.



Предавање на амбасадорот на Унгарија во Македонија, Н.Е. д-р Ласло Иштван Дукс на УТМС за туристичките и економските потенцијали на Унгарија

ДУКС: ***Луѓето од Унгарија обично ги посетуваат Скопје и Охрид, но би било многу важно да се привлече нивното внимание и кон други делови на оваа прекрасна земја. Најважното прашање поврзано со туризмот е повторно да стартуваат директните летови, што е можно поскоро, а потоа и двете земји би можеле да почнат промотивни кампањи.***



**Унгарија како земја е особено привлечна за македонските туристи. Што е тоа што вашата земја ја прави атрактивна за туристите и дали постои кај Унгарците интерес да ја посетат Македонија? Дали е доволна соработката во туризмот и на кој начин би можела да се интензивира?**

Директните летови меѓу нашите главни градови придонесоа за раст на туризмот меѓу нашите земји. Според нашето искуство, туристите од Северна Македонија обично ја посетуваат Будимпешта како нивна прва дестинација, кој е прекрасен централноевропски град со убава архитектура и долга и интересна историја. Наша цел е туристите да ги откријат и другите делови во земјата бидејќи имаме изобилство од историски градови, замоци, тврдини, но и од природни убавини како езерото Балатон и унгарските рамнини. Луѓето од Унгарија обично ги посетуваат Скопје и Охрид, но би било многу важно да се привлече нивното внимание и кон други делови на оваа прекрасна земја. Најважното прашање поврзано со туризмот е повторно да стартуваат директните летови, што е можно поскоро, а потоа и двете земји би можеле да почнат со промотивни кампањи.

**Унгарија е силен поддржувач и пријател на Македонија, а пријателскиот дух помеѓу двете земји се негува со години. Но, што е со економската соработка, како да се интензивира таа? Може ли да очекуваме нови инвестиции?**

Унгарија е деветтиот најзначаен трговски партнер на Северна Македонија, што како за несоседна земја е убаво достигнување. Нашата билатерална трговска размена растеше и во периодот на ковид, што е знак на силата на нашата меѓусебна зависност. Работиме заедно со локални партнери да

привлечеме унгарски инвеститори бидејќи има уште многу области за проширување на нашата соработка.

**Глобалната економија се соочува со големи предизвици, пред сè со енергетска криза, инфлација и со пад на економијата. Што може да се очекува, според вас, на економски план во европски рамки годинава?**

Сите се надеваа дека ковидот полека ќе премине во поблага болест, дека економскиот раст повторно ќе биде повисок и дека меѓународните односи ќе почнат да се враќаат во нормала. Но, за жал, војната во Украина повторно направи сè да е неизвесно и се чини дека 2022-та ќе биде многу тешка година.

**Националниот ден на Унгарците, 15 Март, Амбасадата на Унгарија во Скопје традиционално го одбележува заедно со Здружението на Унгарците во Македонија. Колкава е унгарската заедница во земјава, дали се унапредува и продлабочува низ годините културната соработка помеѓу нашите земји?**

Унгарската заедница има околу 50 семејства, а има и унгарски иселеници што живеат во земјата ограничено време. Заедницата е мала, но многу активна и тесно поврзана. Здружението на Унгарците во Македонија „Теледом“, заедно со нашата Амбасада, организира бројни културни и едукативни настани. Расте и културната размена. Овде постои голем интерес за унгарската култура, а и во Унгарија за македонската. Во 2019 година нашата Амбасада организираше Унгарска културна сезона со многу изложби и концерти низ земјата, а бевме и специјални гости на Саемот на книгата во Скопје во таа година. Многу Македонци беа навикнати да посетуваат фестивали во Унгарија. Се надеваме дека овие културни врски повторно ќе зајакнат штом ќе го дозволи тоа состојбата со пандемијата.

**Македонија има силна поддршка од Унгарија во евроинтеграциите, но земјава долго време е во чекалната на ЕУ. Како треба, според вас, дипломатски да се лобира за да се откочи процесот и земјава да стане дел од европското семејство?**

Унгарија ја поддржува евроатланската интеграција на земјата од нејзината независност. Го поздравуваме вашето пристапување во НАТО. Војната во Украина во моментов покажува колку беше тоа важно. Жалиме што процесот на пристапување во ЕУ е толку бавен и што секогаш има нови препреки на патот. Мислам дека вашата земја направи сè што можеше да го забрза овој процес и дека е сега до нас во ЕУ да ги преземеме потребните следни чекори.

Изведба на унгарска музика во Куманово –
дел од годинешната прослава на 15 Март, Националниот ден на Унгарците



# ЕВРОПСКИ ГРАДОВИ И РЕГИОНИ НА ИДНИНАТА 2022/2023

## КОИ СЕ ПОБЕДНИЦИТЕ И КАДЕ СМЕ НИЕ?

**Југоисточниот дел на Англија, вклучително и Лондон, се истакнаа како најдобри за 2022/23 година во Европа, на рангирањето за „Европски градови и региони на иднината“ на ФДИ Интелеџенс, реномирано специјализирано списание за странски инвестиции на Фајненшл тајмс.**

Студијата, која ги определува најперспективните инвестициски дестинации низ Европа, утврди дека европските локации покажале одреден степен на отпорност на неизбежните инвестициски последици од пандемијата.

Додека Лондон ја потврди својата инвестициска привлечност, конкуренцијата низ континентот се интензивираше. Градовите како Амстердам, Даблин, Париз и Франкфурт беа успешни во пресретнувањето на некои од компаниите што се преселија од Обединетото Кралство по Брегзит, а Барселона и Каталонија добија добри оценки за своите стратегии за промоција на инвестициите.

Европските градови и региони на иднината на

ФДИ за 2022/23 година ги рангираше локациите привлечни за странски директни инвестиции. Дури 356 градови беа оценети и групирани според големината на населението во пет категории: метрополи, големи, средни, мали и микроградови.

Тие потоа беа рангирани врз основа на податоците собрани во пет поткатегории: економски потенцијал, позитивно настроени кон бизнисот, поврзаност, човечки капитал и начин на живот и ефективност на трошоците.

Лондон уште еднаш предводи на полето, задржувајќи го статусот на водечки магнет за странските инвеститори меѓу најголемите европски метрополи, и покрај тоа што Брегзит поттикна неколку странски инвеститори да го преиспитаат своето европско влијание.

**Топ 10 европски градови на иднината 2022/2023**

| | ГРАД | ЗЕМЈА |
|---|---|---|
| 1 | ЛОНДОН | ВЕЛИКА БРИТАНИЈА |
| 2 | АМСТЕРДАМ | ХОЛАНДИЈА |
| 3 | ПАРИЗ | ФРАНЦИЈА |
| 4 | ДАБЛИН | ИРСКА |
| 5 | БУКУРЕШТ | РОМАНИЈА |
| 6 | МИНХЕН | ГЕРМАНИЈА |
| 7 | ВАРШАВА | ПОЛСКА |
| 8 | БЕРЛИН | ГЕРМАНИЈА |
| 9 | МАДРИД | ШПАНИЈА |
| 10 | ПРАГА | ЧЕШКА |

*Извор: FDI*

Другите главни градови, како што се Амстердам, Париз и Даблин, исто така се сместени во категоријата топ 10 големи европски градови на ФДИ бидејќи со значителен успех ја рафинираа својата понуда по Брегзитот.

Забележителен нов учесник е Букурешт, кој дојде на петтото место и првпат се пласираше во првите 10 места за големите градови.

Франкфурт на Мајна, петтиот по големина град во Германија, беше победник во категоријата големи градови на ФДИ. Како дом на Европската централна банка и осум од 1000-те најдобри банки во светот, Франкфурт постигнува добри резултати и се смета за безбедно место за капиталот.

Цирих, најголемиот град во Швајцарија, ја заеде пол-позицијата во категоријата град со средна големина, делумно благодарение на инвеститорите што ги препознаа придобивките од тоа што имаат упориште во добро развиениот иновациски екосистем на градот. Второпласирани голем град беше Вилнус, главниот град на Литванија, кој стана барана локација од технолошки фирми и функции со висока додадена вредност, како што се истражувањето и развојот.

Базел, Швајцарија, е прв во категоријата мали градови. Тој е дом на седиштата на неколку големи компании за наука за животот. Друг швајцарски град, Цуг, доби признание за најдобар во категоријата микроградови.

# НАЈДОБРИ ЕВРОПСКИ ГРАДОВИ СО СРЕДНА ГОЛЕМИНА

На листата конечно во една категорија може да се види и Македонија, односно градот Скопје. На листата на Европски градови на иднината со средна големина, Македонија е рангирана само во една категорија, но  ја нема во генералната оценка за најдобри градови со средна големина за странски инвестиции.

Градот Скопје е прв на листата само во групата на ефективност на трошоците, во што инвеститорите гледаат можност за евтина работа сила. Подолу на истата листа се Молдавија, Турција, Русија, Албанија и Украина.

**Топ десет градови со средна големина според ефективност на трошоци**

| | ГРАД | ЗЕМЈА |
|---|---|---|
| 1 | СКОПЈЕ | МАКЕДОНИЈА |
| 2 | ЈАШ | РОМАНИЈА |
| 3 | КИШИЊЕВ | МОЛДАВИЈА |
| 4 | МАНИСА | ТУРЦИЈА |
| 5 | ЛИПЕТСК | РУСИЈА |
| 6 | ТИРАНА | АЛБАНИЈА |
| 7 | ЕСКИШЕХИР | ТУРЦИЈА |
| 8 | ДНЕПАР | УКРАИНА |
| 9 | УЛЈАНОВСК | РУСИЈА |
| 10 | ХАБАРОВСК | РУСИЈА |

*Извор: FDI*

Скопје го нема во останатите категории – економски потенцијал, човечки потенцијал, поврзаност и пријателска настроеност кон бизнисот. Во категоријата најдобри мали европски региони за инвестирање, скопскиот регион го има повторно само во една оценка, повтроно во однос на ефективноста на трошоците, односно, меѓу другото, евтина работна сила.

**Јаш, Романија**
*Извор: www.lonelyplanet.com*



**Топ десет мали европски региони на иднината 2022/ 2023 според ефективност на трошоци**

| | РЕГИОН | ЗЕМЈА |
|---|---|---|
| 1 | РУСЕНСКА ОБЛАСТ | БУГАРИЈА |
| 2 | БУРГАС | БУГАРИЈА |
| 3 | ПЛОВДИВ | БУГАРИЈА |
| 4 | СТАРА ЗАГОРА | БУГАРИЈА |
| 5 | КАУНАС | ЛИТВАНИЈА |
| 6 | СКОПСКИ РЕГИОН | МАКЕДОНИЈА |
| 7 | СОФИЈА | БУГАРИЈА |
| 8 | ВАРНА | БУГАРИЈА |
| 9 | СРЕМСКИ ОКРУГ | СРБИЈА |
| 10 | ВИЛНИУС | ЛИТВАНИЈА |

*Извор: FDI*

Од табелата може да се види дека  скопскиот регион е на 6. место, а пред нас се региони од Бугарија и од Литванија.

На регионално ниво, истражувачкиот тим на ФДИ процени 148 европски региони групирани во три категории – мали, средни и големи – за да ги пронајде оние локации што имаат најголем потенцијал да привлечат инвестиции.

Југоисточниот дел на Англија е признат како водечки голем европски регион во целина. Во меѓувреме, регионот на Северна Холандија го задржа своето прво место во категоријата региони со средна големина, додека регионот Даблин во Ирска го зазеде првото место во категоријата мали региони.

Рангирањето на европските градови и региони на иднината за 2022/23, исто така, ги анкетираше локалните агенции за промоција на инвестициите за категоријата стратегија за странски директни инвестиции. Уредникот на ФДИ, Јакопо Детони и четворица надворешни судии од индустријата за промоција на инвестиции и за странски директни инвестиции, прегледаа 75 пополнети анкети од градови низ Европа.

Иако странските директни инвестициски во Европа во последните две години беа под влијание на пандемија со Ковид-19, авторите на ова рангирање констатираат дека не е сè така црно. И покрај тоа што пандемијата предизвика удар врз инвестициските планови, сепак европскиот регион како целина се покажа отпорен како инвестициска дестинација, се вели во специјалниот извештај на Фајненшл тајмс.

**Каунас, Литванија**
*Извор: www.getyourguide.co.uk*






Промоција на додипломци и последипломци на Универзитетот за туризам и менаџмент


UNWTO

# Superbrands

## UNIVERSITY OF TOURISM AND MANAGEMENT SKOPJE




AN INSIGHT INTO SOME OF THE STRONGEST BRANDS IN THE ADRIATIC